**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 септември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа.

Пратениците Абдуладu Вејсели, Сафет Незири, Блерим Беџети, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Фадил Сулејмани, Тахир Хани, Игор Ивановски, Ќенан Хасипи, Хади Незири, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Ристо Пенов и Радмила Шеќеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, можете да се пријавувате за збор. Повелете.

Продолжуваме со претресот.

Збор има пратеникот Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе, колеги пратеници, господине министре,

Денес навистина имаме една сериозна точка на дневен ред, која што треба да се разгледа и да ја продискутираме ние пратениците од повеќе аспекти.

Пред да почнам со моето излагање на моето мислење по оваа точка, сакам да кажам дека кога пратеникот овде на оваа говорница зема збор, основна причина заради која што зема збор, е прво, да ги изнесе своите аргументи пред своите колеги пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, нека биде мир во салата.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам претседателе за почитта кон мојата дискусија и што се обидувате да воспоставите ред.

Првата причина зошто се зема збор, за да ги искажеме своите мислења и аргументи по точката која што е предмет и искажувајќи ги своите аргументи да ги убедиме пратениците во сопственото мислење, во исправноста на мислењето и да ги убедиме да гласаат така како што сметаме дека е исправно

Другата причина е на јавноста да и се образложи, да и се каже, да и се предочи всушност за што станува збор. Секако, со моево обраќање јас немам илузија дека јас ќе ги убедам пратениците од мнозинството во овој состав, иако на дел од пратениците кои по вокација се мои колеги сосема им е јасна и процедурата и за што станува збор. Немам илузии, затоа што ќе ја почитуваат волјата на Владата која што ја поддржуваат. Но, јас сакам и заради јавноста да го искажам своето мислење околу оваа важна точка.

Прво, навистина да ви кажам, бидејќи порано ја напуштив седницата вчера и имав можност да гледам од телевизија дискусиите, навистина јас мислев дека ќе се расчисти дилемата, од дома кога се гледа поинаку изгледаат сите работи, остана и кај мене дилемата дали ова е предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија или е ова предлог за отпочнување на постапка за утврдување на одговорност на јавниот правобранител на Република Македонија. Не претендирам сите да ме разберат, но колегите кои се правници тоа го знаат дека овие две работи се многу различни.

Почитувани колеги, изминативе четири години сите заедно, не претендирам дека Пратеничката група или парламентарното мнозинство се трудеше да спроведеме значајни реформи во државата, затоа што сите, без исклучок, имаме општ консензус кон една работа, за голема среќа, а тоа е што е можна побрза интеграција на Република Македонија во ЕУ. Значи, без разлика дали се работи за позиција, за опозиција имаме општ, дури и граѓански консензус, а тоа го гледаме од анкетата. За да бидеме членки во Европската Унија, или она што го постигнавме работејќи овие четири години, кандидатскиот статус, за да можеме да го ефектуираме, за да можеме да отпочнеме многу побрзо со преговори околу членството има критериуми која што секоја држава треба да ги исполни, а тоа се Копенхагенските критериуми.

Прв критериум таму е владеење на правото и правната држава, основен критериум без кој што навистина нема ни да помислат да ве примат во Европската Унија да разговараат.

Другиот критериум за кој што многу работевме, незнам колку постигнавме, ќе каже времето, тоа беше јакнење на капацитетите на институциите на власт. Затоа што, не можеме да имаме правна држава, затоа што не може да владее правото доколку немаме јаки институции на власта.

Една од клучните реформи за која што и ние сватиме дека мора да ја правиме, а секако беше и да речам обврска која што, ако сакаме да одиме во светот на европјаните е секако реформи во судството, затоа што јасно беше дека, иако Уставот ни прокламира независност на трите власти, со оглед на прашањата кои што ги регулираше Уставот околу изборот на претставниците во судската власт, па и други прашања, не гарантираше независност, уставно прокламираната независност на оваа власт од двете власти. Затоа, отпочнавме со реформи во судството, затоа и пристапивме кон уставни амандмани, промена на Уставот со донесување

на уставните амандмани. Затоа, тука, бидејќи Јавното обвинителство е дел од правосудниот систем и тука пристапивме со уставни амандмани кои што се однесуваат на постојните решенија во Уставот кои се однесуваат на Јавното обвинителство. Зошто? Затоа што сметаме дека и Јавното обвинителство како самостоен државен орган кој што ги гони сторителите на кривични дела треба да биде самостоен, независен, стручен и да се покачат критериумите околу неговата стручност, како и начинот на кој што ќе се избираат јавните обвинители.

И, сега, уставниот амандман 30 кој што се однесува на јавните обвинители, нема да ви го читам целиот, вели: "Јавниот обвинител", надлежноста, основањето тоа е став 1, алинеја 2, "надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на Јавното обвинителство се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници".

Почитувани колеги, на ваш амандман е прифатено овој закон заради важноста на материјата која што ја регулира, заради независност при вршењето, при професионалното вршење на јавно обвинителската функција што е можно поголема. Овој закон да се донесува со двотретинско мнозинство, да речам со поголем консензус, а тоа значи да има избалансирани ставови и на позицијата и на опозицијата. И понатаму, наредниот став "Јавнот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од шест години со право на повторно именување", Тогаш, бидејќи јас активно учествував во донесувањето на изработката на уставните амандмани, сметав дека навистина тоа беше мое лично мислење дека Јавниот обвинител на Република Македонија треба да го избира Собранието на предлог на Владата, затоа што навистина и Владата е таа која што треба да се бори против корупцијата и против криминалот во државата. И така е како што е. Но, затоа пак законот се донесува со двотретинско мнозинство. Изборот, разрешувањето на останатите јавни обвинители ќе го врши советот. Надлежноста пак, составот и структурата на Советот, мандатот и постапките за разрешување како и основите и постапките за престанок и разрешување на функцијата Јавен обвинител на Република Македонија, тоа го пишува во Уставот и јавните обвинители ќе се уредуваат со закон. Бидејќи, ова правнички а не политички го толкуваме, ќе преминеме на уставниот амандман за спроведување на Уставот во членот 3 став 1. "Најдоцна во рок од девет месеци од денот на прогласувањето на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија ќе се донесат меѓу другите и Законот за изменување и дополнување на Законот за Јавно обвинителство". Рокот е протечен, не е донесен и сега ние имаме правна празнина.

Понатаму, до влегувањето во сила, до усогласувањето на Законот за јавно обвинителство, тоа е член 5, со амандманите 24 и 30 "Јавните обвинители ќе се избираат согласно Законот за јавно обвинителство", значи позитивниот закон. Не случано е што не е ставено и зборот "и разрешуваат". Уставот е многу прецизен акт, секој збор, секоја точка кажува. Значи, целта на уставотворецот да кажам на претходното парламентарно собрание кога ги прогласуваше уставните амандмани беше да се отпочне со реформа во Јавното обвинителство, да се продолжи со реформа во Јавното обвинителство како дел од правосудниот систем. За да неможат и понатаму овие функции да се политизираат, затоа во членот 5 е ставено само дека "ќе се избираат јавните обвинители по стариот закон", заради тоа што можат да настанат ситуации каде што голем број од јавните обвинители по разни основи ќе им престанат функциите, за да може да си ја вршат работата обвинителите со полн капацитет.

И, сега да се вратиме на членот 24, каде што пак е регулиран уставно како се избира и предлага Јавниот обвнител, односно надлежноста на Владата што е. Значи, амандманот 24 со кој што се заменува алинеја 12 на членот 91 на Уставот на Република Македонија вели "Владата, покрај останатите надлежности утврдени со Уставот, предлага јавен обвинител на Република Македонија по претходно мислење од Советот на јавни обвинители". А, според правното правило во која постапка те избираат, во таа постапка те менуваат, значи треба за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија да имаме мислење од Советот на јавни обвинители. Новиот совет на јавни обвинители, согласно Законот нов за јавни обвинители не е конституиран, затоа што немаме нов закон за јавни обвинители, а како што знам ни постојниот совет не е консултиран во оваа постапка.

Почитувани колеги, сакам да констатирам дека овој предлог, прво, за мене, а се сложувам и сигурна сум дека и за поголем број од праваниците кои што не го гледаат од политички аспект ова разрешување, впрочем и експертите се произнесоа околу ова, е удар на независноста на институциите во Република Македонија. Јас зборував на денот кога ја избиравме оваа влада. Дел од мојот говор беше дека јас верувам овие млади луѓе ќе направат нешто и очекувам да направат нешто. Но, вака како што почнавме, прво, со вчерашниот закон за електронски комуникации, кога јас како член на ЗПК точно зорував од апект на потребата од донесување на овој закон и таму кажав дека нема потреба, ова е политичко прашање. Значи, се случи она што ни се случи со овој закон. Од она што ни се случи околу именувањето и поставувањето на државните советници.

Ве молам, да ги почитуваме процедурите. Ве молам, да ги почитуваме законите, а особено да го почитуваме Уставот. Затоа што, за почитување на Уставот сите сме се обврзале. Пред неполн месец Владата и се заколна дека ќе го почитува Уставот. Немојте да го кршиме, затоа што Меѓународната заедница нема да не цени како држава. Се овде што правиме, правиме во интерес на Република Македонија и во интерес за граѓаните на Република Македонија. Не треба со еден удар нанесуваме удар на независноста на институциите и грубо кршење на Уставот и правниот поредок на државата.

Посебно сакам на господинот почитуван министер да подразмисли ако Здружението на јавни обвинители дало соопштение, а во Здружението на јавни обвинители членуваат сите јавни обвинители во Република Македонија, почнувајќи од основните, вишите, па понатаму, тоа значи дека не може да сметаме дека овие обвинители не го познаваат Уставот, кога цел живот некои го посветиле на тоа. Значи, го познаваат и Уставот и процедурата. Не може пак, белким, да очекуваме дека сите тие обвинители го сакаат Прчевски, па го бранат господинот Прчевски. Не, почитувани колеги, некои можеби се гледаат на неговото место, но свесни се, тие граделе правна кариера, кариера како правници и свесни се дека се крши Уставот. Дајте, можете да го смените господинот Прчевски, ние не зборуваме сега за работата, ттоа е друга приказна, јас зборувам за процедурата. Дајте, можете и во друга процедура ако сакате да го смените. Да се донесе Законот за јавни обвинители и тогаш овој закон ќе биде во согласност со Уставот. Време треба еден месец, нема да избега, како што вели народот, нема да избега зајакот, дајте да не го кршиме Уставот и правниот поредок на државата.

Значи работата ми беше да потсетам дека не може да се здружиле сите јавни обвинители да бранат јавен обвинител. (Дофрлување од страна) Не коментирајте, да ви кажам има говорница. Секој има право да се јави за збор. Ваквиот коментар е непримерен. Мрмкање и мрмлање, тоа е немање доволно аргументи и факти. Излезете на говорница и кажете, спротивставете се, јас сум секогаш подготвена и секогаш, и во претходниот мандат сум прифаќала работи и од опозиција кои биле навистина во функција на подобрување на Уставот, правниот поредок и законите во државата, затоа што ако сите се согласиме така да работиме ќе имаме напредок во сите области од работењето во државата.

Ако се здружиле сите обвинители и во еден глас кажале да се стави стоп на досегашната погубна плуралистичка политичка пракса во која за десет години се сменети тројца јавни обвинители со неаргументирани оценки, сега пак за жал без процедура, со кршење на Уставот. Во ова Здружение на јавни обвинители учествуваат колеги кои го разбираат правниот поредок, а особено делот кој што се однесува на нивниот орган. Сериозно треба да размислиме. Мислам дека се дозволени грешки, но ако се признаат половина се простуваат. Прекршен е Уставот, прекршена е правната процедура, можете да кажувате како сакате, ваше е мнозинството, можете и да изгласате. Ние може да си зборуваме два, три или пет дена, ваше е мнозинството, можете да ја завршите работата, но ќе ја завршите уште на стартот со грубо прекршување на Уставот, а тоа ќе остане дамка не на вашето парламентарно мнозинство - секако најмногу на вашето, но најмногу на Република Македонија, затоа што како вчера што ни стигне писмо може да ни стигнуваат секој ден. Обрнете внимание и ве молам предлогот да биде повлечен, да се пристапи кон изработка на нов закон за јавно обвинителство, каде што после мнозинството може согласно процедурата што ќе ја утврдиме да се заврши работата така како што сакате.

**Љубиша Георгиевски:** Дали некој се јавува за реплика?

За реплика се јави пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Ја слушнавме пратеничката Цветанка Иванова која поподробно ни ги образложи, односно ни ги прочита уставните амандмани, прочита член од Законот за Јавното обвинителство. Претходно малку се пофали со Европа, дури човек малку да помисли дека пратениците од СДСМ се дојдени од Европа, а не се избирани од граѓаните на Република Македонија. Од нивните говори цело време може да се видат препораки, Копенхашки и други препораки, а никако да сфатат дека се избрани од граѓаните на Република Македонија. Но тоа е нивниот став, нивното размислување.

Јас сепак би укажал на одредено размислување кое сакаше да го наметне пратеничката Цветанка Иванова. На крајот на нејзиното излагање не кажа дали Законот за Јавното обвинителство, кој е донесен во 2004 година е во важност. Нека каже, нека се произнесе, еве, ние сме правници, дали Законот за Јавното обвинителство е во важност. Ако е во важност значи сета процедура со Министерството за правда, односно Владата ја презема според Законот за Јавното обвинителство. Додека не се укине тој закон со друг закон или Уставот не го укине, мора и треба секој да го почитува Законот за Јавното обвинителство.

Во Законот за Јавното обвинителство убаво е кажано во членовите 46, 58 и 61 кој има право да предлага постапка за разрешување на Јавниот обвинител, тоа е Владата, кој го разрешува и сите други финеси се регулирани во одредбите на Законот за Јавното обвинителство. Тие цело време кажуваат, објаснуваат, се фалат и на крајот главната суштина која што треба да биде кажана е дали постои Закон за Јавно обвинителство и дали се

применува тој закон кој што е донесен баш од нивна страна во 2004 година. Сакам да одговори на тоа прашање, а не цело време само да повторува одредени одредби, одредени фалби од нивна страна и на крајот основната суштина, за да може Собранието да одлучува, Собранието да постапува, треба да се каже дали има законски одредби со кои се овозможува на Собранието, на предлагачот да предлага разрешување на Јавен обвинител. Ако постои тој закон, ако во важност тој закон, процедурата е според тој закон и треба да се каже дали постои тој Закон за Јавното обвинителство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Колега Трајко Вељаноски, јас сум избрана од народот на Република Македонија, од граѓаните на Република Македонија во изборната единица 4. И граѓаните на Република Македонија, околу 98% според последните анкети, се забрза интеграција во Европската унија. Не се фалиме, тоа час побрзо треба и вие да го сфатите господине Вељаноски и јас само ги застапувам барањата на граѓаните, а тоа се прави преку реформи. Ако правиме напред - назад, наместо како што велите 100 чекори напред, 10 назад, нема да стигнеме. За да се објасни процедурата, мора да се читаат законите и амандманите (вие сте биле во судница), а таму се вели дека амандманот 24 за надлежностите на Владата треба да го прочитате, таму се вели дека предлага Јавен обвинител на Република Македонија по предходно мислење на Советот на јавни обвинители. Се разрешува по иста постапка како што се именува, како што се избира, а Совет на јавни обвинители се уште немаме господине Трајко Вељаноски. Значи сето тоа е во спротивност со Уставот, а законски одредби кои се во спротивност со Уставот не се применуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван министер Маневски,

Кај мене имаше дилема дали да се јавам за збор и за што да дискутирам, бидејќи јас сум правник како и вие, меѓутоа во правото има и еден инструмент кој се вика автентично толкување и за тоа господинот Вељаноски праша што мисли за важењето на Законот за јавни обвинители кој што беше суспендиран со уставните амандмани од 2005 година. Меѓутоа,јас ќе се обидам да кажам некои мои дилеми и некои мои размислувања со желба да помогнам во разрешување на состојбата и овој Парламент да престане да биде разговор на глувите, туку да се слушаме едните и другите и заеднички да носиме решенија кои ќе не приближат таму каде што ни е целта, бидејќи овде има само една политичка партија а тоа е Република Македонија и граѓаните чии што интереси ги застапуваме, без оглед дали сме леви или десни, бели или црни, од нашите декларативни искажувања сите рековме дека евроинтеграциите се наш приоритет.

Прво, за да не се заборави, вчера читав еден текст во "Дневник" и тоа така помина за еден упад во институција на системот, непримерен упад каде што е нанесена човечка жртва, некој ги окрвави рацете, сигурно не со овие луѓе овде кои за овие неколку дена ги гледам како вистински професионалци, луѓе што ја сакаат државата и си ја сакаат работата. Заради незаконски упад на еден возач кој што не работи, една банда и криминалци во Македонската телевизија, за која голема одговорност сносиме и ние и нашата Влада, престана да чука срцето на господинот Љупчо Лазаревски. Да ве потсетам кој е тој човек. Тоа е еден од луѓето кој што на 14-от Конгрес на Сојузот на комунистите се спротивстави на тогашната политика на Милошевиќ и еден од иницијаторите за независна Македонија, која сите ние заедно, вклучувајќи ве и Вас претседателе, ја направивме. Да не се заборави, на минатата седница кога се верификуваа мандатите на нашите колеги влегов - само да ве потсетам, изгласавте со 59 гласа за и 1 против, јас не гласав, а бев 61 пратеник. И ќе ви кажам една мала тајна, ми рече да влезам координаторот Јани Макрадули, драго ми е што влезе, чисто технички како да ве турка, меѓутоа, да ви овозможам кворум ова Собрание да почне да работи затоа што е во интерес на Република Македонија.

Каде е мојата дилема? Има две работи што според мене треба да ги расчистиме. Едната работа ја спомна госпоѓа Цветанка Иванова, а тоа е дали формално-правно тоа може да се изведе и кој може тоа да го повлече. Нема да зборувам дали ова е отпочнување постапка или постапка за сменување, тоа треба да го каже и го кажа министерот за правда. Лично, искрено да ви кажам, ако се водеше постапка онака како јас сакам да се води, јас ќе гласав за разрешување на господинот Прчевски, бидејќи според моите размислувања тој човек за тие 4 години - јас е оградувам од другите размислувања на пратеничката група, не ја заврши работата.

Вчера младиот Јанакиески покажа доблест, па го повлече Законот за електронски комуникации. Дали тоа ќе го направи господинот Маневски, во чие што искуство не се сомневам, во бела коса, знаење и желба да се направи, затоа што еве ќе го смениме господинот Прчевски денес, меѓутоа се создава еден вакуум кој ќе ја обавува функцијата. Ќе речете замениците, меѓутоа, кои заменици.

Не е точно дека нема Предлог закон за јавни обвинители. Веќе од јуни месец мислам дека има веќе два предлога, изработени од

Здружението на јавни обвинители, за Закон за Јавен обвинител и три верзии за Совет на јавни обвинители финансирани од ОБСЕ, така што има материја, градиво за месец дена да може да се донесе и она што вие го промовиравте, и јас се согласувам, ако сметате дека нема во Македонија чесен маж кој што ќе застане на криминалот тука, дајте да донесеме и странец. Меѓутоа, за да се донесе тој странец, сепак треба да се направат и измени во законот.

Значи постојат две опции, а едната е овој предлог да се повлече, или втората, кога веќе имате мнозинство и тоа е кристално јасно, заслужено добивте на 5-ти јули, да го смениме овој обвинител, меѓутоа, почитувајќи го она што вие вчера го толкувавте, односно членовите 110, 111 и 112, да му се дозволи на човекот 15 или 20 минути да каже нешто, па можеби во своето кажување ќе каже кој го спречувал таа работа за која бил платен да ја обавува, а не ја обавувал. Зошто тоа го кажувам? Искрено, еве јавно вам ви кажувам и им кажувам на сите дека за сите закони за кои постои општ интерес и консензус Есад Рахиќ како пратеник на СДСМ ќе гласа за, за сите закони каде што ќе треба Бадинтерово мнозинство јас ќе гласам за, меѓутоа, инсистирам да се почитува правната процедура.

Утрово добив Предлог закон за полиција и Закон за следење на електронски комуникации. Мораме сите заедно да работиме затоа што премиерот на Република Македонија не е премиер на ВМРО - ДПМНЕ или СДСМ. Нему му беше кажано јасно дека Македонија е на добар пат, меѓутоа во заедничка соработка меѓу позицијата и опозицијата треба да се донесат сите круцијални закони.

На крајот, вчера јас со вас разговарав и го правам тоа искрено и од се срце. Почитуван претседателе, се надевам после одредено време и драг пријателе, треба време луѓето и да се зблллижат во размислувањето. Сабајле кога разговарав со еден уметник, господинот Влатко Стефановски, ве спомнав и вас. Праша како е комуникацијата, јас му одговорив дека имаме извонреден претседател на кој што фотељата му е претесна, затоа што неговиот интелект и неговото размислување е прешироко за да може да биде ставен во рамките на работа на услугите што треба да ги даде неговата партија, која што таму го ставила. Вчера ви кажав и уште еднаш ќе повторам, јуначкото го покажавте, се одбранивте себе си од другите. Сега покажете го човечкото, одбранете ги другите од вас, односно помогнете му на малцинството да се слушне. Затоа велам или ценетиот министер Маневски да го повлече предлогот или вие да го симнете од дневен ред. Ако тоа не може, тогаш повикајте го господинот Прчевски 10, 15 минути да објасни зошто ги троши државните пари а не си ја завршил работата онака како што ние очекувавме.

Благодарам и извинете ако малку лутав.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам на убавите зборови.

За реплика се јави пратеникот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас морам да реплицирам на еден дел од излагањето на господинот Рахиќ. Господине Рахиќ, иако сте правник, јас не сум по вокација правник, ќе кажам дека наведовте нешто дека господинот Прчевски доколку имал притисок и не ги извршувал дејностите, поточно обврските кои што му биле пропишани, мислам дека моралното право е самиот да се повлече. Тоа го имате во судниците кога некој од судиите ќе има одреден притисок, ќе побара изземање од случајот како би можел да не биде пристрасен или да не суди онака како што другите сакаат. Господинот Прчевски во изминатите 4 години, доколку имаше притисок од одредени личности, требаше самиот да побара или да поднесе оставка, да каже не можам да ја извршувам дејноста која е пропишана од тие и тие причини. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван колега, не се работи за морално право, се работи за правни норми. Ние можеме да разговараме за почитување или не почитување, за правна празнина или не, меѓутоа, во конкретниот случај еден човек треба да биде разрешен затоа што не си ја обавувал својата функција. Тој во своите изјави кажа, она што го гледаме во неговите јавни истапи, смета дека добро работел и дека заради тоа што некој му оневозможувал не сработил онолку колку што треба. Се работи за една деловничка можност, каде што вие господине претседателе толкувавте, таму пишува може. Од вас зависи, тоа е морална волја дали вие ќе дозволите или не, меѓутоа, според одредени законски прописи има процедура која ова Собрание или Парламент ги носи и мора да се почитуваат, тие се обврзувачки. Ние сме овде да донесуваме закони, нашиот најбрз прст не е за квиз туку за гласање за или против и донесување прописи по кои ќе работиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван претседател, колеги пратеници, сакам накратко да искажам едно свое видување во однос на денешната точка на дневен ред, која е многу значајна, пред се значајна за тоа како ќе продолжиме да се однесуваме кон Република Македонија и кон нејзиниот правен поредок.

Вчера доста расправавме за тоа дали треба да се најде точка на дневен ред, односно како и на кој начин да се поведе постапката за разрешување на Јавниот обвинител, имајќи ги пред се позитивните прописи, Уставот на Република Македонија и законите. Ако тргнеме

од тоа што навистина ни е обврска на нас како пратеници, да го почитуваме и унапредуваме правниот поредок во Република Македонија и со тоа да ја јакнеме правната држава, морам да кажам дека многу лошо тргнавме на почетокот од овој наш мандат. Вчера, по долгите расправи што ги имаше за една друга точка на дневниот ред, и во работните тела на Собранието укажувавме на почитувањето и на европските стандарди, за кои сите ние се залагавме, и на декларациите на Европа, иако сите декларативно искажувавме дека се залагаме за унапредување и усогласување на правниот поредок на Република Македонија со Европската унија, сепак мислам дека парламентарното мнозинство не сака да обезбеди континуитет во оваа работа. Исто така и со оваа точка на дневниот ред, ако го погледнеме Уставот на Република Македонија, амандманот 30 кој се однесува на Јавниот обвинител, таму децидно стои дека за разрешувањето или за изборот на Јавниот обвинител на Република Македонија треба да се донесе нов закон за јавен обвинител, Јавно обвинителство и Законот за Советот на обвинители. Знаеме дека Уставот е највисокиот правен акт во државата и тој како повисок правен акт ги дерогира пониските правни акти, во случајот законите. Имаме донесено и Уставен закон за спроведување на Уставот, каде што во членот 3 стои дека најдоцна во рок од 9 месеци треба да се донесат два закони: едниот е Законот за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство. Овој рок е истечен на 7 септември и во таквиот случај требаше да се донесе нов уставен закон во кој ќе се пролонгира рокот или пак ќе се додаде во членот 5 од уставниот закон дека одредбите од постојниот Закон за Јавното обвинителство важат и при разрешувањето на Јавниот обвинител. Сето ова во духот на амандманите, каде што е пишувано и во насока на градење на независните институции, е оставено, во членот 5 децидно стои дека одредбите од постојноит Закон за Јавно обвинителство ќе се применуваат само за избор на Јавен обвинител. Оттука вчера ја ставивме нашата забелешка дека не можеме да поведеме постапка за разрешување, заради тоа што нема пропис и навистина постои правен вакуум во овој дел. Во оваа насока е дадено стручното мислење и од Советот на обвинители. Тоа се луѓе кој целиот свој живот го посветиле на обвинителството или на правниот поредок на Република Македонија и на нив апсолутно не им е сеедно како и на кој начин ќе се однесуваме кон највисокиот правен акт и посебно кон Република Македонија и нејзините граѓани.

Исто така имаме и стручно мислење од експерт по уставното право, од професорот Светомир Шкариќ кој укажува дека јавниот обвинител може да се разреши исклучиво само врз основа на нов закон за јавно обвинителство. И, токму заради тоа, ние од СДС ја браниме процедурата, а со тоа ја браниме и правната држава, она за што сите ние се залагаме. Не станува збор овде за поедина личност која во моментов се наоѓа на одредена позиција. Треба сите ние заедно да застанеме во одбрана на институциите во Република Македонија.

Ако правиме вакви упади, како што се започна да се прават упади во одредени институции, за среќа вчера беше спречен еден таков, меѓутоа ние треба да бидеме доволно свесни и самите да се однесуваме многу поодговорно кон граѓаните на Република Македонија и кон правниот поредок. На тој начин да не испраќаме лоша порака дека можеме да направиме упад и не се залагаме за независни институции кои, сите ние констатиравме, дека претставуваат пречка за работење и на судството и на сите овие институции што се поврзани, а се со цел за да имаме поефективна и поефикасна борба и против корупцијата и против организираниот криминал, што се основни начела на сите нас.

Заради тоа предлагам да министерот за правда или Владата ја повлечат оваа точка од дневниот ред и ние, како Собрание, да донесеме заклучок да се изготви новот закон за јавно обвинителство. Такви верзии има неколку, направени во соработка на Советот на обвинители, да помине одреден временски период, да сето тоа се стави во една легална процедура и после тоа да преминеме, ако е тоа волјата на парламентарното мнозинство, навистина да се изврши промена на јавниот обвинител, нека се изврши, нека се направи и поефикасно, како што впрочем беа заложбите и во предизобрниот пеиод, па после тоа да ги видиме резултатите. Меѓутоа, мора заради самите нас, заради интересот на граѓаните да го штитиме правниот поредок и процедурата во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Салиу Шабан, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван минстре,

Јас, денеска, на оваа седница, по овој дневен ред сакам да го изкажам моето мислење.

Јавното обвинителство, како единствен и самостоен државен орган на Република Македонија, сакам да кажам во Република Македонија, ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени дела. Тоа се вели во членот 2 од истиот закон.

Исто така, Јавното обвинителство е организирано врз основа на хиерархија и субординација. Повисокото јавно обвинителство има право да дава одредени мисленја, односно упатства на пониското јавно обвинителство. Согласно челн 12 од Законот за јавно обвинителство, повисокиот јавен обвинител може да преземе одредени случаеви на кривично гонење, како и вршење на одредени работи за кој е надлежно пониското јавно обвинителство.

Во членот 24 од истиот Закон е кажано дека, кога јавниот обвинител на Република Македонија ќе најде дека постои повреда на одреден закон или меѓународен договор, постои можност против таква извршна судска одлука да бара да се одложи, односно да се прекине извршувањето на таа одлука, сето со една цел да не дојде до некои поголеми, потешки последици за државата.

Во членот 29 од истиот Закон, во Јавното обвинителство во Република Македонија се основа одделение за гонење на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата.

Во членот 47, исто така се кажува дека повисокото јавно обвинителство има право да изврши надзор врз работата на пониските јавнио обвинителства преку преглед на списи, предмети и на друг соодветен начин. Ако е така, како пратеник, пред се правник, размислувам, односно сакам да кажам дека преку овие членови, да укажам дека јавниот обвинител на Република Македонија ги имал сите инструменти и сите механизми да презема одредени постапки за спречување на ваквите криминогирани случаеви од областа на организираниот криминал и корупцијата. Но, напротив, што се случи? Во текот на мандатот на јавниот обвинител на Република Македонија, господинот Прчевски, истиот уживаше во текот на неговиот мандат во својот комодитет со непреземање односно би кажал нестручно и неизвршување на конкретните работи и конкретните задачи што спаѓаат во неговиот делокруог на вршење на работа. Истиот, покрај голема рашомонијада, спектар од криминогени случаи на организиран криминал и корупција, не превзеде ама ниту една постапка како истите да се спречат, односно доколку постои правосилна судска пресуда, да се спречи нејзиното извршување, односно одлагање.

Во јавноста се доста познати случаевите на "Бачило" со Иснифарис Џемаили, УПА Ентерпрајз, со господинот Љупчо Палески, потоа Хотел "Плави" со Самка Ибраимовски, аферата од поново време на дивите станови и една друга плејада на вакви криминогени случаеви, каде што јавниот обвинител индиферентно, комотно се однесуваше и покрај низата докази и факти што неговата улога за земаа токму новинарите преку електронските и печатени медиуми. И покрај тоа што постоеја сигурни факти да се спречи вака организираниот криминал и корупција, елоквентно, ништо не презеде, барем да се појави на одредена прес-конференција или да ги употреби оние механизми што ги има согласно законот.

Во овој случај особено би сакал да го потенцирам членот 58 од Законот за јавно обвинителство каде што во ставот 1, точка 6 јасно се утврдува дека јавниот обвинител може да се разреши доколку има нестручна работа и покажува незадоволителни резултати во вршењето на функцијата. Случаевите што претходно ги споменав токму укажуваат на тоа дека јавниот обвинител на Република Македонија апсолутно не превзел никакви дејствија за спречување на истите. Во ставот 3 од истиот член јасно се укажува дека јавниот обвинител на Република Македонија може, по предлог на Владата до Собранието, да биде разрешен.

Ако е така, во членот 60, како нестручно работење и покажување незадоволителни резултати во текот на вршењето на функцијата, во ставот 1 кажува за неизвршување, несовесно или нестручно извршување на службените должности. Во овој член исто така се кажува дека постапката за утврдување на одговнорност за сторени повреди на јавниот обвинител, се поведува на предлог на Владата на Република Македонија. Лично сметам дека ова Собрание може со чиста душа и свест да го разреши јавниот обвинител од причини што и самиот, преку негови изјави во медиумите кажал дека не може да ја извршува неговата работа, односно не може да покаже резултати поради одредени влијанија на тогашната актуелна влада, во моментов опозицијата. Од тие причини исто така кажа дека е "последниот будала" на таа функција. Сметам дека ова Собрание комотно може да го разреши јавниот обвинител.

И, доколку се утврди одговнорност за истиот, согласно член 353, каде што јасно се укажува за злоупотреба на службената положба и овластување, комотно може да се поведе и одредена оостапка односно согласно став 3 од овој член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, на дневен ред е Предлог за поведување постапка за утврдување на одговорност на јавниот обвинител на Република Македонија за покажување незадоволителни резултати во вршење на јавнообвинителската функција согласно членот 61 од важечкот Законот за јавно обвинителство од 1994 година објавен во Службен весник број 38.

Од досегашнава расправа од страна на колегите на опозиција се укажува дека не е запазена процедурата за поведување на ваква постапка. Јас го делам мислењето дека процедурата е суштински сегмент на сите постапки што се водат, согласно позитивните законски постапки. Меѓутоа, очигледно дека различно гледаме на онаа регулатива што ја разработува оваа област. Факт е дека членот 106 од Уставот, со Амандманот 30, ставовите 2 и 3 се заменети со содржината на овој амандман. Останува ставот 1, каде што е пропишано дека јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган што ги гони сторителите за кривични дела и на други со закон утврдени

казливи дела, врши и други работи утврдени со законот.

Факт е дека во ставот 2 на Амандманот што е сега составен дел на членот 106, пропишани е дека функцијата на јавното обвинителствто ја вршат јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители. Овој став 2, до сега, од страна на колегит од опозицијата воопшто не беше третиран. Како да прифаќаат дека терминот "јавни обвинители" се однесува на сите јавни обвинители. Меѓутоа, Уставот е сосема јасен. Повторувам, Уставот разликува јавнен обвинител на Република Македонија и јавни обвинители. Зошто е тоа така? Токму заради тоа што со Законот за јавно обвинителство, а и со став 1 од членот 106 е пропишано дека Јавното обвинителство се организира спрема принципите на хиерархија и субординација.

Што тоа значи? Тоа значи дека јавниот обвинител на Република Македонија е со посебни овластување пропишани со закон и што ќе бидат пропишано со сите закони во иднина, со оглед на членот 106 став 1 од Уставот, каде пропишува дека Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган. Кога Јавното обвинителство е самостоен и единствен државен орган, значи дека и во понатамошните закони што ќе бидат донесени, со кои што ќе се регулира положбата и организацијата на јавните обвинители, ќе остане јавниот обвинител на Република Македонија да е на врвот на пирамидата и да сите останати заменици и пониски јавни обвинители задолжително мора да се однесуваат според насоките и укажувањата на јавниот обвнинител на Република Македонија.

Понатаму, факт е дека во Амандманот 30 од Уставот е пропишано дека јавниот обвинител на Република Македонија, не другите јавни обвинители, туку само јавниот обвнител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од 6 години, со право на повторно именување. Сите останати јавни обвинители и заменици ги избира Советот на јавни обвинители без ограничување на траење на мандатот. Тоа е новината што со овие амандмани е пропишана во однос на останатите јавни обвнинители, меѓутоа не задира во она што е пропишано и порано со членот 106 ставот 3 од Уставот, дека јавниот обвнител го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од 6 години.

Според тоа, уставната одредба, ваква каква што е, не дава можност за толкување дали и како треба и кој е надлежен да постапува за именување и разрешување на јавниот обвнител на Република Македонија. Соред тоа, Уатавниот закон на кој што се повикуваат колегите, во членот 5, каде што пропишува дека до усогласување на Законот за јавно обвинителство со амандманите 14 и 3, 24 и 30, јавните обвинители ќе се избираат согласно Законот за јавно обвинителство, за што зборувавме. Значи, ова ограничување од Уставниот закон се однесува на сите јавни обвинители и заменици освен на јавниот обвините на Република Македонија, за кого денеска расправаме.

Сега се поставува прашањето што, кога имаме ситуација да, иако Владата имала задолжение да поднесе предлог-закон за усогласување на Законот за јавно обвинителство за измена и дополнување, не е направено во рокот од 9 месеци, што не е кус рок, што како рок е објективен, што дава можност ако навистина се сакало да се постапи согласно Уставот тоа и да се стори, сепак не е направено. Овој рок е изминат на почетокот на овој месец, токму заради пропусти на колегите кои заговараат дека не е пропишана процедура за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија.

При таква положба, единствено веќе можеме да дискутираме дали постои и ограничувањето од членот 5 од Уставниот закон по однос на останатите јавни обвинителства дека нема да можат да се разрешуваат, туку ќе можат да се избираат само согласно Законот 2004 година.

По однос на ова, вакум, таков термин "вакум" во ваков случај не може да се употреби и не егзистира. Јавното обвинителство, јавните обвинителства во Македонија постојат и работат согласно постојниот Законот за јавно обвинителство од 17 јуни 2004 година. Според тоа, не може да стане збор дека овој закон не може да се примени или треба да се примени селективно.

Со оглед да, прво, како што реков, во Уставниот закон, ограничувањето само на избор на јавнио обвинители не се однесува за јавниот обвинител на Република Македонија и второ, заради тоа што ако го прифатиме мислењето на досегашните колеги, на досегашните дискутанти во смисла дека овој закон е неприменлив во случајот, во тој случај треба да негираме дека воопшто постојат јавните обвинители, јавните обвинителства во Република Македонија и дека тие во моментов не треба воопшто да работат и да постапуваат.

Тоа не е случај и не може да биде случај, затоа што со ниедно толкување од овие одредби кои што ги диктирав, тоа не произлегува, а впрочем, Уставната одредба, која што пропишува дека Јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од 6 години, со право на повторно именување, е сосема доволно и при непостоење на одредби за регулирање на ова прашање со закон за директна примена на одредба на Уставот.

Меѓутоа, во случајот тоа не е така. Велам како крајна можност, како крајна солуција евентално, ако би прифатиле да постои она што го тврдат колегите со спротивно мислење, во случајот постои и е во функција Законот за Јавното обвинителство од 2004 година, а според истиот

Закон, како што и претходниот дискутант кажа, Јавниот обвинител на Република Македонија се поведува постапка против него заради покажување незадоволителни резултати во вршењето на јавнообвинителската функција во постапка која штоја поведува Владата на Република Македонија.

Тоа е изричито пропишано во член 61 став 2 од Законот за Јавното обвинителство.

Според тоа, почитувани колеги, од нас јавноста очекува да не ги извртуваме работите, да не ги толкуваме прописите онака како моментално ни одговара на одредена опција, туку очекува да работиме.

Насекаде каде што ќе се појавам ме прашуваат зошто примате плата? Заради паузите! Заради неработењето! Ве молам, јас од тоа се срамам. Дури една пратеничка постави прашање зошто се доцни со платата. Таа плата треба навистина да ја здржиме. Да бидеме навистина конструктивни. Не сакам да делам лекции, меѓутоа, да одговорам на оној обид од колегите да делам лекции на нас дека ние не ги разбираме прописите, дека гласаме заради тоа што ни е наложено тоа да го направиме така од Владата, дека немаме свое мислење, дека не можеме да ги спротивставиме аргументите на она што тие го кажуваат. Нека повелат нека ги спротивстават аргументите на она што јас сега го кажав. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине претседателе.

Ќе го искористам своето право на реплика на пратеникот Дулиќ со дирекно прашање упатено кон еден експерт во правото, како што впрочем, е и самиот пратеник.

Убаво започна со читање, на ставовите од амандманот 30. Меѓутоа, застана и не го спомна деветиот став во истиот амандман, кој ќе го цитирам. Основите и постапката за престанок и разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители се уредува со закон. Ниту еден од рпатениците од опозицијата, говорејќи за процедурата не спомна дека во овој момент Република Македонија во оваа област има правен вакум. Точно е дека е во сила Законот за Јавно обвинителство од 2004 година, меѓутоа, со ваквото брзање да се отпочне впрочем, и постапката за разрешување на постојниот Јавен обвинител, користјки ги одредбите од стариот Закон, влегуваме, впрочем ризикуваме да го кршиме Уставот на Република Македонија.

Навистина очекував од еден експерт да даде најконкретен предлог. Треба да интервенираме најпрво во Уставниот закон за спроведување на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија, како би го пролонгираме рокот за донесување на овие закони за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство. Тогаш, нема да бидеме обвинети за кршење на Уставот и процедурата. Само во тој случај. Инаку, вака се стекнува доим и впечаток дека токму брзањето да се разреши Јавниот обвинител, согласно старите законски прописи, односно постоечкиот Јавен обвинител е само заради тоа, таа постапка да не се изврши откога во сила ќе стапи новиот закон за Јавно обвинителство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има контра реплика пратеникот Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Штом ме сметате за експерт, секој правник и секој наш граѓанин го чита и толкува Уставот и законите онака како знае и умее и онака како им одговара.

Според тоа, сметам дека на ова прашање јас одговорив. Не бегам од таа одредба. Точно е дека со новиот закон кој што требаше да го донесете, ќе беше загатнато и прецизирано и ова прашање. Меѓутоа, со оглед на тоа дека тоа не е сторено, имаме Закон по кој што постапуваме сега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам на кратко да реплицирам дека навистина опозицијата го изнесува своето мислење и тоа е сосема демократски во Парламентот на Република Македонија и ги изнесуваме нашите аргументи, заради кои што мислиме дека навистина е повредена постапката и дека се прават упади во правниот систем на Република Македонија. Тоа не придонесува кон унапредувањето на правниот систем и кон демократизацијата на Република Македонија.

Инаку, што се однесува до граѓаните на Република Македонија, навистина и треба да го поставуваат прашањето на почитуваната колешка Дулиќ, заради тоа што таа е пратеник од парламентарното мнозинство и најмногу треба да се грижи за тоа да имаме мнозинство во Парламентот, да можеме да работиме, почесто да немаме паузи. А за толкувањето на законите, како експерт навистина јас се согласувам, таа е експерт посебно за изборните процедури. Тоа го видовме кога беше во Државната изборна комисија , иако премногу сакаше да ги толкува законите, требаше од Државната изборна комисија да замине во Уставниот суд, а не во Парламентот да се определи политички. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави пратеникот Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Сметам само на она што претставува предмет на денешната расправа. Ако некого го боли нешто друго, нека повели, нека ме праша во некоја друга ситуација и во друга прилика.

Што се однесува до ова што го расправаме сега дали само ние треба да обезбедиме мнозинство, сметам дека сите пратеници сме еднакви и сите пратеници имаме должност да присуствуваме на

седниците, освен ако од оправдани причини своето отсуство не го пријавиме на претседателот на Собранието.

Според тоа, она што го кажав за паузите и понатаму стојам на тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам има збор пратеникот Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Почитуван претседателе, колеги пратеници и министре.

За мене како правник, законски е поставен предлогот за поведување постапка за утврдување одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија. Нема да дискутирам за процедурата, сметам дека господинот министер тоа го образложи правно, исто така и колешката Дулиќ. Ги почитувам нивните мислења и велам дека и јас истото правно го мислам. Ако сме правници, треба да имаме професионална конструктивност и да говориме со факти. Било кога станува збор за разрешување, или пак, бранење на Републичкиот јавен обвинител дека покажал успеси поради кои не треба да биде разрешен.

Денеска навистина имаме сериозна тема за која што треба да говориме сериозно, бидејки институцијата Републички јавен обвинител е одговорна за функцијата на кривично-правниот систем. Во правораздавањето има клучна улога и тоа не само во кривичната материја кога се работи за прогонот, туку и во граѓанската. Значи, една сеопфатност. Затоа се вели дека Јавниот обвинител е централен столб на правната држава и од неговата правилна политика во смисла на законска непристрасна улога, зависи функцијата на сите други институции во системот.

Нова социјалдемократска партија се залага за департизација на Јавниот обвинител. За тоа ќе зборуваме кога ќе дојде ред, но го поврзувам тоа со досегашниот Републички јавен обвинител за кого има предлог за разрешување, а беше партиски војник на СДСМ, тоа сите го знаеме. И заложник беше и тоа сите го знаеме во криминалот, кој за 4 години владеење го практикуваа олигарсите на влас на разни начини за кој криминал како јавна тајна сета јавност занеше и знае, освен, Републичкиот јавен обвинител. Господинот Прчевски како Републички јавен обвинител е еден од најлошите избори на Јавен обвинител досега во Република Македонија. Нестручен, несовесен, селективен и со субјективен приод во вршењето на работите. Беше личен пример и причина за лошо работење на хиерархискиот поставен систем обвинител.

Морам, при сето ова да се потсетам и да ве потсетам на случајор "Раштански лозја", за немањето трунка совест како човек и по диктат спроведен невиден прогон врз недолжни луѓе. Како квази правник, фалејки се дека има докази што се во поткрепа на обвинението, кои што никогаш не ги покажа, од едноставна причина, затоа што ги немаше.

Јас лично очекував тој самиот да си даде оставка. Тоа ќе беше доблесно како правник и како човек. А сега, треба да биде разрешен како недостоен да ја врши функцијата Републички јавен обвинител. И не само тоа. Треба да сноси и кривична одговорност за својата несовесност. Доста веќе да престанеме само со морална одговорност. Ќе дојде некој на функција, прави ршум, ќе си оди и тоа било морална одговорност. Мора, доколку има несовесност и кривично да се одговара. И треба да одговара за штетата што ја нанел, таа е евидентна, при што во таа постапка ќе треба да одговори и на прашањето, која беше неговата лична причина и интерес да ги штити криминалните структури кои ја опљачкаа државата и народот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе на Собранието, почитуван министре Маневски, почитувани колеги пратеници,

На почетокот сакам веднаш да го соопштам својот став кој се обидов и вчера да го упатам како укажување до ценетиот министер Маневски дека постапката за разрешување која ја поведува Владата е неуставна и противзаконита. Но, на чудно инсистирање на министерот Маневски, за кој морам да признаам дека е еден од наискусните живи правници во Република Македонија. Вие сте на прагот на 70 година. Повеќе од 45 години се занимавате со правото. Бевте основен Јавен обвинител во Велес, заменик окружен Јавен обвинител, заменик на Јавниот обвинител за еден период, а вчера зборувавте за "Годел", можеби по грешка го спомнавте периодот кога бевте заменик Јавен обвинител, амнестирајки се себе си, бевте и претседател на Окружниот суд и последниот социјалистички и комунистички министер за правда. И ова што го правите не е ништо друго господине министре Маневски, туку демонстирање на сила, а не владеење на правото. Не можам поинаку да го протолкувам сето ова, ако не ги респектирате своите колеги. Можеби заради личната нетрпеливост која ја имате со сегашниот Јавен обвинител и заради што страдаше државата кога имаше проблем функционирањето на Јавното обвинителство и комуникацијата со Државната комисија за борба против корупцијата кога своите лични суети ни едниот ни другиот не можевте да ги надминете и дојдовте до ситуација и едниот и другито да се обвинувате за селективност. Но мислам дека вашето стравување зошто како Влада не сугерирате на претседавачот, односно на претседателот на Собранието по десетина дена да се соочите со Јавниот обвинител. Мислам дека ќе биде интересно за македонската јавност. Јас многу од вашите меѓусебни разидувања и судирања ги знам, меѓутоа, подобро е вие меѓусебе да ги кажете пред македонската јавност. Да раскажувате и да процени македонската јавност дали овде станува збор за реваншизам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам не е на дневен ред министерот Маневски. Ве молам кажете некој убав збор за Јавниот обвинител Прчевски, кој е на дневен ред.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе на Собранието некој како што рече на почетокот од вашето претседавање, јас не сум од оној кој што можете да го деконцентрирате. Ќе може уште неколку пати да ме прекинете, но поентата ќе остане иста. Како што вчера имаше доблест премиерот на Владата Никола Груевски да повлече еден предлог, бидејќи овде го видов како го респектира вашето правничко мислење, вие сега треба да ја превземете таа улога, затоа што почитуван министре Маневски, знаете дека го кршите Уставот и законот. Уште повеќе што станува јасно дека вчера изнесовте невистина кога тврдевте дека во моментот кога седнавте на фотељата министер за правда не затекнавте верзија на Законот за Јавно обвинителство. Уште во април е формирана Комисија, заедно со подршка на ОБСЕ, бидејќи и ОБСЕ и нашите партнери од Европската унија и САД се дел од проектите за реформирање на Јавниот обвинител. Вие многу добро знаете дека мора да се зголемат ингеренциите на Јавнио тобвинител. За тоа јас и начелно ја дадов обврската на средбата што ја имав со претседателот на Владата, бидејќи станува јасно дека може четвртиот и петиот јавен обвинител да дојде, ако се занемари фактот дека нашиот досегашен Закон за Јавно обвинителство не е компатибилен со европската практика. Ќе имаме повторно неефикасно Јавно обвинителство, а не неефикасно и нестручно како овде се даваат паушални изјави кои не се дефинирани во актуелниот Закон за Јавно обвинителство. Но почитуван министре, мислам дека и она што вчера видов, што ме изненади, а тоа е дека на вашето столче додека бевте овде, на седницата на Владата седеше мојот колега од Правниот факултет, поранешниот судија Николче Лазаров, говори дека вие не се грижите за законитоста на работата на Владата. Не може на вашето столче неовластено да седи некој кој нема никакво својство. Ни рекоа дека ќе бил државен секретар. Јавно соопштивте дека има само тројца државни секретари. Тоа ми говори дека свесно вие како најодговорен за функционирањето на правната држава и давањето на тон на работата на Владата сте дирекно одговорни и за овој предлог. Но верувам дека ќе реплицирате и со задоволство ќе учествувам во дебатата со вас.

Но да се вратам на она денес што го имаме денес како факт. Тоа е дека по секоја цена нереспектирајќи го стручното мислење, за разлика од вас, јас сум пратеникот Владо Бучковски. Не сум доктор на правните науки. Не сум поранешен судија на Врховниот суд, или поранешен еден од најуспешните адвокати во нашата држава, па јас да си го земам ексклузивното право да го толкувам правото. Мислам дека има експерти, вистински експерти, не експерти под наводници за кои, гледам сега и домашната јавност почна да се подбива. Еден од најистакнатите експерти по Уставно право дал стручно мислење кое е поделено и на вас. Имам копија која е доставена до нас пратениците. Имам копија која била достапна и на претседателот во Собранието и на претседателот на Владата и на министерот за правда.

Да цитирам делови од тоа стручно мислење што го има дадено професорот Светомир Шкариќ каде упатува на тоа дека сегашниот јавен обвинител може да се разреши исклучиво врз основа на нов закон за јавно обвинителство.

Бидејќи бев претседател на владата кога ги предложивме уставните амандмани, дел од колегите се тука, го гледам почитуваниот пратеник Андов, пратеничката Ристана Лалчевска, пратеничката Силвана Бонева, говорам за оние од поранешниот состав со кои се договаравме и кога правевме дистинкција меѓу изборот и разрешувањето на судиите и јавниот обвинител, заради искуството кое го имавме, тоа беше пред изборите, не можевме да предвидуваме, ние мислевме ние ќе победиме, ВМРО-ДПМНЕ мислеше дека тој ќе победи и ВМРО-ДПМНЕ беше во право, но знаевме дека нешто мора да се измени во практиката. За 10 години најлошите оценки Република Македонија ги добива токму по преземањето на власта и обидот да се партизира функцијата јавен обвинител. Сега ми е драго што слушнав дека пратеничката Јагнула Куновска говори за департизација. Ние како предлагачи тогаш, во духот на компатибилноста на нашето право со европското право, бевме за таа департизација и намерно, значи, кога нешто се толкува треба да се знае кој бил духот на предлагачот и кој духот на законодавецот. Законодавецот, Парламентот намерно прави дистинкција во уставните амандмани. Кај судиите пишува - до донесувањето на новиот закон за судии и именувањето и разрешувањето ќе оди според стариот закон. Овде децидно, ние намерно оставивме простор со новиот Закон за јавно обвинителство, во рок од 9 месеци да се уреди постапката на разрешување, не да вадиме секој свои аргументи, затскривајќи се зад несовесно и нестручно работење. Мислам дека така дадените паушални оценки не одат во прилог на што сакаме Македонија да промовира правна држава и владеењето на правото како основен принцип на една демократска држава. Затоа, почитуван министре, почитувани пратеници, мислам дека Парламентот треба да има доблест и да го прочита стручното мислење, да биде поделено на првата пауза, има време до гласањето, дали ќе се прифати или не оваа иницијатива на Владата и да се повлечат. Подобро е да се повлече. Овој труд што беше овде вложен ќе значеше и финализација на предлозите кои ги имате. Веројатно вас не ви се допаѓале или ви пречело, според, условно речено, моите информации за тоа што било

инволвирано Јавното обвинителство, заедно со експерти од ОБСЕ, во подготвувањето на овие верзии, па сте спореле дали може да има иницијативност од страна на Јавното обвинителство. Вие можете да промовирате поинаква практика. Поранешната влада беше транспарентна и даваше можност еснафот или фелата да биде инволвирана во носењето на вакви значајни закони. Ова е системски закон, почитуван поранешен јавен обвинител, Маневски. Системски закон. Ако е системски закон фелата мора да се слушне.

Мислам дека го цените и соопштението на Здружението што исто на нас пратениците ни беше поделено, соопштение на Здружението на јавни обвинители. Дозволете да цитирам само неколку пасуси кои ќе ја доловат реалната атмосфера, што всушност нас ни се случува.

Колегите јавни обвинители претставувани преку своето здружение го велат следното:

"Со големо внимание и загриженост Здружението ги следи сите изјави дадени во врска со работата и ефикасноста на Јавното обвинителство. Како дел од правосудниот систем на Република Македонија, Јавното обвинителство во својата работа не е изолиран орган, на кого му припаѓаат сите обврски за успешна борба во справувањето со криминалот. Факт е дека во таа борба се судира со многу препреки од различна природа кои влијаат на неговата успешност и ефикасност. Загрижувачки е за сите членови на ова Здружение, оцената дека Институцијата нема доволен професионален капацитет, (тоа го пишува во иницијативата потпишана од претседателот на Владата на Република Македонија, за разрешување на јавниот обвинител), поради што е неизбежно да се доведе (меѓу другите иницијативи за кои вие говорите) и јавен обвинител од страна. Неподелено мислење на Здружението е да се стави стоп на досегашната погубна плуралистичка политичка практика во која за 10 години се сменети тројца јавни обвинители на Република Македонија со неаргументирани оценки за нивната нестручност и несовесност, кое пак од своја страна се рефлектира и на сегашниот заклучок за нискиот капацитет на институцијата Јавен обвинител.

Новите уставни амандмани и уставниот закон, до донесувањето на нов закон за јавно обвинителство, не даваат правна основа да биде започната постапката за утврдување на одговорноста на јавниот обвинител на Република Македонија и негово разрешување,а непочитувањето на Уставот и Законот внесува правна несигурност и ја руши, со Устав и со Закон определената самостојност на овој државен орган во извршувањето на неговата функција".

Тоа го велат јавните обвинители претставувани преку своето Здружение.

Почитувани пратеници, почитуван министре за правда, ние може долго да се надмудруваме, силата е кај вас, кај парламентарното мнозинство. Вие можете и да ја продолжите постапката, слушнавте неколку наши пратеници. Не говориме за ликот и делото низ работата на јавниот обвинител. Говориме за процедурата. Ако нема процедура нема правна држава. Мислам дека министерот за правда, ако не тој, како вчера не го направи тоа, како што рече колегата Рахиќ, министерот Миле Јанакиевски, го направи лично претседателот на Владата, ќе ја прекине оваа агонија во која влегуваме не по наша вина и ќе го повлече предлогот за разрешување на јавниот обвинител и ќе даде приоритет во Парламентот, како прво да го продолжиме Уставниот закон, затоа што вие добро знаете во колизија на Уставниот закон и на законот кому му се дава приоритет, бидејќи истече можноста за примена на Законот за јавно обвинителство од 2004 година, да го продолжиме рокот 9 месеци. Се покажа дека, ајде да кажеме и заради објективни и субјективни слабости беше прекус рок, да дадеме дополнителен рок. Во тој рок да ја отвориме расправата, бидејќи јас лично на претседателот на Владата, од име на СДСМ, ја изразив нашата подготвеност да разговараме за измените кои ги најавувате во законот за јавно обвинителство, за поголеми ингеренции на јавниот обвинител, затоа што според тврдењето на премиерот Никола Груевски, кандидатите странци за јавен обвинител, со ваков Закон за јавно обвинителство не биле заинтересирани да бидат јавни обвинители во Република Македонија, затоа што Законот не им гарантирал ефикасност. Ако е тоа така, тогаш да побегнеме за момент од личните суети, личната нетрпеливост што сте ја имале во минатото вие и јавниот обвинител, да функционира правната држава, да постапуваме онака како што налага правото. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има министерот Михајло Маневски.

**Михајло Маневски:** Почитувани пратеници, ја слушнавме претходната дискусија и само би го потсетил пратеникот Бучковски кој упорно го цитира членот 5 од Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани 24 и 30.

Значи, само да го потсетам, кој упорно инсистира на тоа дека јавните обвинители се избираат и дека треба да се избираат по нов закон.

Тој како претседател на Влада во 2006 година, на 28 април потпишал иницијатива и барал да се именуваат јавни обвинители во Тетово и во Гостивар и со одлука на Собрание на Република Македонија на 28 април 2006 година, се именувани јавни обвинители во Тетово и во Свети Николе, а истиот ден се именувани, а не избрани, исто така 7 заменици јавни обвинители, по предлог на Владата на Република Македонија, се надевам согласно Деловникот на Владата, предлогот го потпишува претседателот на Владата. Ве молам да бидеме прецизни во

изнесувањето. Овде не се работи за никаква демонстрација на сила. Овде се работи за силата на правната норма, затоа што ако се почитува правната норма, тогаш се почитуваат и правните односи и кога говориме треба да говориме прецизно и објективно, а не на паушален начин.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јавува господинот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Господине Маневски, министре Маневски, упорно говорите, за разлика на термините "избира" и "именува", а не говорите за разрешување. Да посочевте пример за разрешување на било кој јавен обвинител, тогаш ќе бевте во право. Но, бидејќи кога има спор, јас реков мнозинството во конкретниот случај ви ја дава силата. Но, од друга страна аргументите, фактите, стручното мислење, фелата, мисли поинаку. Вие можете да терате по свое. Наше е да опоменуваме, затоа што некој рече, тоа го кажа пратеничката Јагнула Куновска, на крај некој ќе треба да ја надомести штетата. Штетата на угледот на Република Македонија не можеме да ја утврдиме согласно пресуди на суд. Таа може да се утврди во моментот кога ќе добиете еден шамар, како што добивте вчера за обидот незаконски и неуставно да менуваме функционери, друг шамар за упадот во Законот за електронски комуникации, трет шамар, ќе немаме датум за преговори.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавува госпоѓа Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Со внимание ја слушнав дискусијата на господинот Бучковски и не слушнав ниту еден аргумент со повикување на позитивните законски прописи кои упатуваат на она што како заклучок и како совет сакаше да му го упати на господинот министер.

Се споменува некое експертско мислење и прашувам зошто тоа е поделено само на пратениците од мојата десна страна, зошто не е поделено на сите пратеници.

Второ, тоа е експертско мислење, може ли, какво и да е, да биде појако од она што е пропишано во Уставот и законите.

Што се однесува до мислењето на Здружението на јавните обвинители, сметам дека секој има право на свое мислење, меѓутоа очигледно е дека јавните обвинители во Република Македонија, со тоа што не е донесен новиот закон за јавното обвинителство, си поставуваат прашање дали евентуално ќе бидат предмет за разрешување, со оглед на тоа што ограничувањата од 9 месеци, поминаа. Според тоа јас нив сосема ги разбирам и тоа е човечки. Меѓутоа, сметам дека овде сме да ги спротивставиме аргументите, да ги толкуваме прописите кои го регулираат ова прашање кое денес е на дневен ред, а како тоа ќе се одрази, впрочем целата македонска јавност очекува, во однос на конкретниот јавен обвинител, конкретни чекори. Тие чекори секако треба да бидат во пропишана процедура и тоа е сосема запазено, како што се обидов да објаснам во својата дискусија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** На вашето прашање зошто не е поделено тоа експертско мислење, во продолжение сама го дадовте одговорот, затоа што не може да биде посилно од Уставот и законите. Тоа мислење јас го делев и затоа не го предложив. Но, постои уште една причина заради што не беше поделено, а тоа е што ова експертско мислење многу повеќе говори против јавниот обвинител на Република Македонија отколку што говори за, имплицитно.

На барањето на пратеникот Бучковски, кое го уважувам, за многу кратко време тоа експертско мислење ќе ви биде поделено, ќе дадам пауза и за комплетно да го уважам мислењето на господинот Бучковски, на првата пауза. Така што тоа ќе биде во ред.

Повелете господине Бучковски, имате реплика.

**Владо Бучковски:** На пратеникот Благородна Дулиќ, од принципиелни причини, во периодот додека сум пратеник, нема да реплицирам и ќе кажам од кои причини, а тоа е што додека беше заменик претседател на Државната изборна комисија, на претседателските избори во 1999 година, ги прекрши Уставот, законите и нелегитимно му ја одзема победата на тогашниот наш претседателски кандидат Тито Петковски, со што нанесе голем срам на правната професија и за прв пат тогаш во 1999 година се срамев што имам иста професија со некои како госпоѓата Благородна Дулиќ.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за збор се јавува господинот Деркоски Оливер.

**Оливер Деркоски**: Претседателе, ве замолувам во иднина вакви непринципиелни испади и навреди кон пратениците да бидат соодветно опоменети од ваша страна и да биде одземен зборот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули, процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, сега дознавме дека вие вршите селекција на материјалите кои се доставуваат до пратеничките групи и правите, не би сакал да го употребам тој збор, но мене ми личи на цензура и во име на пратеничката група на СДСМ барам 1 час пауза да се договориме како ќе продолжиме натаму да работиме.

**Љубиша Георгиевски:** Давам 1 час пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,44 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници.

Денес точка на дневен ред имаме Предлог за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија.

Во досегашните дискусии гледам дека од страна на опозицијата сакаат на процедурална страна да го спасат буквално Александар Прчевски. Треба да се каже пред целата јавност да не се искриувуваат фактите односно одредбите од Уставот и од Законот за Јавното обвинителство.

Согласно амандманот 30 од Уставот на Република Македонија, алинеја треба да се разграничи тоа што пишува во самиот амандман "функцијата на Јавното обвинителство ја вршат јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители". Значи," јавните обвинители" и "јавен обвинител" на Република Македонија е сосема различно.

Исто така пишува дека јавниот обвинител на Република Македонија, а не јавните обвинители. Значи, јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собрранието на Република Македонија за време од 6 години со право на повторно избирање.

Истиот амандман пишува дека основите и постапката за престанок и разрешување на јавниот обвинтел на Република Македонија и јавните обвинители се уредува со Закон.

Цело време од страна на опозицијата се повикуваат на Уставниот закон, на членот 3 од Уставниот закон и на членот 5 од Уставниот закон.

Во членот 3 кажува дека најдоцна во рок од еден месец од денот на прогласувањето на амандманите од 20 до 30 на Уставот на Република Македонија ќе се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство. Укажува дека треба да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот на Јавното обвинителство. До денес не е донесен таков закон.

Во членот 5 вели "усогласувањето на законот за јавно обвинителство со амандманите 24 и 30 јавните обвинители ќе се избираат . . .", вели "јавните обвинители", не "јавниот обвинител на Република Македонија", јавните обвинители ќе се избираат согласно со Законот за Јавното обвинителство. Никаде во Уставниот закон не е кажано дека постојниот Закон за Јавно обвинителство од 2004 година, кој што го донесе сегашната опозиција, а тогашна власт, дека Законот за Јавното обвинителство престанува да вважи.

На сите правници, почнувајќи од прва година на Правниот факултет понатаму познато им е дека еден закон се поништува, престанува да важи со друг закон, или со одлука на Уставен суд .

Законот за Јавното обвинителство во моментот е во важност. Законот за Јавното обвинителство од 2004 година е кажано кои членови се за во однос на постапката за разрешување на јавниот обвинител.

Претходно би сакал да укажам, повикувајќи се на Уставниот закон дека во Уставниот закон донесен 1991 година, укажа дека треба да се донесе закон за грб, кој до сега не е донесен, а еве го . . .

(Се врти кон грбот во салата и покажува )

нашиот грб кој што го имаме на Република Македонија. Не значи ако не е донесен закон за грб дека престанува да важи претходниот Закон за грб.

Во моментот имаме важечки Закон за Јавното обвинителство и во ред е што Владата ги применува одредбите од Законот за Јавното обвинителство. Во него е кажано:

Во член 46 став 1 "Јавниот обвинител на Република Македонија за својата работа и за работата на Јавното обвинителство одговара пред Собранието на Република Македонија ", пред овој законодавен дом.

член 58 став 1 "Јавниот обвинител и заменикот на Јавниот обвинител се разрешуваат:

Под аленија точка 6 "кога ќе се утврди дека нестручно работи и покажува незадоволителни резултати во вршењето на функцијата".

Во став 3 "предлогот за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија до Собранието на Република Македонија го доставува Владата на Република Македонија", како што има направено во конкретниот случај Владата на Република Македонија.

Член 61 "постапката за утврдување на одговорност за сторена потешка дисциплинска повреда, или нестручно работење, или покажување незадоволителни резултати во вршењето на јавното обвинителство на јавно обвинителската функција се поведува по предлог на Владата на Република Македонија за Јавниот обвинител на Република Македонија". Или ќе признаеме дека овие одредби се во важност, или кажуваме дека нема закон за јавен обвинител.

Би ја потсетил опозицијата која што во 2002 година покрена постапка за разрешување од функција на Јавен обвинител на Република Македонија, на претходниот јавен обвинител, значи иста ваква постапка на Третата седница на тогашното Собрание, на Четвртата седница – Предлог за разрешување на функцијата Јавен обвинител на Република Македонија.

За измената и укажувањата од страна на претставникот на Владата оваа постапка е иста како што беше спроведена во 2002 година. Јас малку се чудам што од страна на опозицијата ниеден збор не е кажано дали негативен или позитивен за самиот јавен обвинител. Да не бидам субјективен да кажам дека јас имам некои работи кои што би сакал да ги укажам во однос на Јавниот обвинител, малку би се задржал на одредени работи кои што се изнесени во самите медиуми од страна на новинарите, па би кажал:

Прчевски сам не поднел ниедна пријава. Значи, Александар Прчевски, јавниот обвинител во

текот на една година не забележал ниту една криминална активност во земјава, туку само постапувал по пријавите од полицијата. Ова го кажува истражувањето на "Транспарентност Македонија".

Јавниот обвинител, од експертите е кажано игра пасивна улога во нашиот систем бидејќи секоја информација за криминалните активности ја добива од Министерството за внатрешни работи, а ниедна самоиницијативно или од медиумите.

Нагбљудувањата исто така кажале дека кога ќе се стори некое кривично дело во моментот на поднесување на кривична пријава поминува повеќе од една година. Исто така од дневните весници пишува Александар Прчевски, државен јавен обвинител не забележал ниту една криминална активност во земјава за да покрене истрага. Не го инспирирале ни ревизиите од страна на Државниот завод за ревизија ни Антикорупциската комисија, ни медиумите, ниту пак тоа го направил самоиницијативно.

Прчевски во текот на целиот мандат не реагирал на ниту еден извештај од страна на ревизорите, кој забележал милиони проблематични трошењво државните служби. И познатите зборови од Јавниот обвинител "предметот е во фаза на проуување и решавање". Така му започна мандатот, така ќе му заврши мандатот. Фразата "предметот е во фаза на проучување и решавање стои во сите извештаи на Заводот и досега откри милионски суми кои што ги проневерувале и незаконски ги трошеле поранешни и сегашни министри и функционери, пишува во Дневник.

Во однос на барањето од страна на преземање одредена активност од самиот јавен обвинител по однос на ревзиите самиот Прчевски кажува "не ме држите за збор но има, сигурно има многу предмети за кои што се покренати, сега немам податок за конкретни предмети, тоа треба да се провери во Основното јавно обвинителство во Скопје, иако такви предмети имаме и во другите обвинителства, во зависност од тоа каде се наоѓа органот или институцијата која што е корисник на буџетски средства". Дали вас ви е познато дека има поднесено некоја пријава во однос на трошењето на буџетски средства, а искажани од страна на Државниот ревизор дека се противзаконски трошени тие средства.

Во однос на синонимот за криминал "Бачило" Јавниот обвинител Александар Прчевски и Љубомир Михајловски министер за внатрешни работи вчера почнаа заеднички да работат на расчистување на случајот "Бачило" и да ја утврдуваат одговорноста кај сите инволвирани страни. Прчевски вчера итно ги свикал претставниците од Одделението за организиран криминал во Јавното обвинителство веднаш откако Владата ги задолжи Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство да ги преземат сите мерки и да го расчистат случајот "Бачило". Гледате и вие сами досега нема никаква пријава од страна на јавниот обвинител по однос на случајот "Бачило".

Исто така кажува господинот јавен обвинител "во случајот Бачило нема план на организиран криминал, бидејќи пресудата и вештачењето се базираат на фалсификувана потврда што ја издал ветеринар". Неговата изјава целосно се разликува од ставот на Владата, тогашната Влада која заклуив дека во случајот Бачило се крие организиран криминал и корупција и дека е исконструиран меѓу судството, правобранителството и посредниците на многу познатиот Исни Бари Џемили.

Би сакал да кажам и во однос на една негова изјава за "Марша лот Александар Прчевски". Зошто вели марша лот? И самиот кажува "јас сум доживотен, исто како Тито на местото јавен обвинител ќе ме гледате уште најмалку 9 години, се додека не решам да се повлечам од функцијата". Зарем, после вакви негови изјави може да се правда ваков човек.

Би сакал да потсетам кој е Александар Прчевски.

Тој пред да стане јавен обвинител беше претседател на општина Битола кога најголемата афера во Република Македонија се случи, тоа е ТАТ. Кога тогашниот премиер на СДСМ, претседател и премиер кажа дека ни СДСМ, ни свети СДСМ нема да ги заштити криминалците во однос на аферата ТАТ. Но, познато ми е кој беше претседател во општина Битола и како и на кој начин успеа да ги заштити лицата кои што беа вклучени во аферата ТАТ.

Да потсетиме за уште еден случај. Одкако се донесе прва ослободителна пресуда обвинителот Александар Прчески изјавува "нема зошто да чувствувам одговорност заради тоа што нема правосилна пресуда". Сега одкако стана правосилна пресудата вели : " нема што да чувствувам одговорност затоа што требало да се реши барањето од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија".

Не постапи ниту по обвинувањето на поранешниот премиер Хари Костов кога на напуштањето на премиерската функција кажа дека има голема корупција помеѓу министрите, во кое што особено ги кажа од редовите на ДУИ.

Јавниот обвинител на Република Македонија Александар Прчевски во повеќе наврати избегнуваше средба со хашките обвинители на која требаше да се разговара враќањето на четирите Хашки случаи во Република Македонија и бевме сведоци на преписка на поранешната министерка за правда кој е надлежен да постапува по тие 4 предмети.

Обвинителството не направи ништо со случајот УП "Интертрајд" каде што антикорупциската комисија реагира на исплатен 1,1 милиони евра на господинот Љупчо Палевски, за Караорман, за Годел, за Агенција за млади и спорт, за Скопски Пазар, Даночна пирамида, Кингерот во кој што загина претседателот на државата, продажба на атрактивниот дел од Скопскиот

плоштат по багателна цена, скандалот со телефонската анкета во емисијата Чуму и многу, многу, многу работи.

Познат е и неговиот непрофесионален и неетички испад, за кој што самиот кажа "верувам дека јас бев последната будала што дојде на таа функција . . ."

Исто така јавниот обвинител самиот призна дека бил зависен од власта и покрај тоа што кога стапуваше на функцијата рече дека нема да биде зависен од ниедна власт.

Би сакал да кажам дека ваков јавен обвинител на Република Македонија нема борба со организиран криминал и корупција. Секој по мене што на некој начин, дали процедурално или на друг начин го брани ваквиот јавен обвинител Александар Прчевски воедно е против борбата со организираниот криминал и корупцијата која што оваа Влада во својата програма го кажува.

Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Има збор за реплика пратеникот Благородна Цветковска и Иванова Цветанка.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе,

Испаѓа дека ние од опозицијата сме во улога на адвокати на господинот обвинител Прчевски. Немој погрешно да не сватите , ние воопшто не сме во негова одбрана, нека си одговара секој за она што сторил. Но ние бараме постапка за разрешување на обвинителот Прчевски.

Јас да бидам искрена, пред мене зборуваа многу правници, луѓе кои го познаваат правото и секој на свој начин толкуваше. Секој беше со свои ставови и секој сметаше дека е во право со она што го зборува. Јас не сум по професија правник, но и обичен лаик, и обичен човек ако го протолкува и прочита Уставот, Деловникот за работа поинаку ќе размислува и ќе рече "Македонија е правна држава, почитувајте го Уставот за да ја запазиме правната постапка и процедура, а не партиската припадност".

Ваквите ваши постапки ќе имаат последици за Македонија. Целата македонска јавност е свртена кон тоа дека ние сакаме да го браниме. Не е точно, господинот Прчевски нека си одговара, меѓутоа вие постапувајте онака како што треба. Вчера имавте прв шамар, прва критика од Европската Унија . . .

**Љубиша Георгиевски:** Пауза за ручек.

**Благородна Цветковска:** Ве молам не ме прекинувајте, ова не е човечки, да довршам, прв пат се извинувам, да довршам. Сепак сме луѓе и ова од култура не смеете да ми дозволите вакво нешто.

**Љубиша Георгиевски**: 14,00 часот е, пауза за ручек.

**Благородна Цветковска:** Ве молам немојте така. Ве молам продолжете, ова е несовесно однесување од ваша страна. Вчера имавте прв шамар, прва критика од Европската Унија. Не менувајте луѓе за да правите промени. За ова најголема одговорност ќе имате вие господин претседателе. . .

**Љубиша Георгиевски:** Јас ги бројам вашите шамари.

**Благородна Цветковска:** Затоа што се однесувате толку ноншалантно. И министерот Маневски како човек кој што стоеше на врвот и сепак беше на Антикорупциската комисија. Сепак мислам дека Уставот треба да ни биде на прв план, а не партиската обоеност и припадност.

**Љубиша Георгиевски:** И вашето време истече.

**Благородна Цветковска:** Благодарам, но однесувајте се како претседател ве замолувам.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза за ручек.

(Пауза од 14,02 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,2 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Реплика пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Реплика на колегата Трајко Вељановски.

Во репликата на мојот говор бев обвинета дека читам амандман. Од неговиот говор видовме дека исто така и тој чита амандмани. Впрочем правото е такво, мора да се чита, но не само да се чита, треба да се толкува, да се разбира и да се применува.Но, по се изгледа не дека колегата не ги разбира уставните амандмани, туку не сака да ги разбере.

Во својот говор кажа дека секој што го брани Прчевски е против борбата против организираниот криминал и корупција. Но, јас би додала. Секој што ја брани процедурата е за јакнење на институциите на власта и за функционирање на правната држава. Значи ли тоа господине Вељановски, дека Здружението на јавни обвинители кое што брои околу 200 наши колеги, дека помеѓу нив и вие имате пријатели, како што имам и јас кои што ја бранат процедурата и јасно сите во еден глас кажуваат дека е прекршен и Уставот и законите, правната процедура, дали значи дека и тие се против борбата против организираниот криминал и корупцијата. И значи ли според таа логика дека сите нив треба да ги разрешиме и да ги смениме? Бевме обвинети дека и ние сме го смениле претходниот обвинител. Да, точно е, стојат фактите, го разрешивме претходниот обвинител, но со Устав и со закон пропишана правна процедура и постапка. Разликата е ќе се согласите многу голема.

Ќе ви прочитам само дел од говор по повод разрешувањето на тогашниот јавен обвинител на ваш коалиционен партнер. Цитирам само дел. Тоа значи дека секоја власт си бира свој обвинител. Барем така се стекнува впечаток. Според тоа, потенцирам ова Собрание треба со тој проблем и со таа појава сериозно да се

позанимава. Ние тогаш како Парламентарно мнозинство сме ја слушнале и прифатиле пораката. И сме се позанимавале со овој проблем и сме пристапиле кон измени на Уставот и сме ги прогласиле уставните амандмани кои што се однесуваат и на јавното обвинителство каде што сме уредиле дека основите и постапката за престанок и разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија се уредува со посебен закон и Јавниот обвинител го именува Собранието, го избира Собранието по Предлог на Влада, а по претходно мислење на Советот на обвинители. Во случајов немаме ниту совет, ниту закон за јавно обвинителство.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика пратеникот Трајко Велјановски.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе. Незнам нешто што кажа ново посебно пратеникот Иванова одколку она што го кажа во нејзиниот говор. Јас и тогаш во реплика и поставив прашање. Не одговори. Сега еве пак и поставувам прашање дали Законот за јавно обвинителство од 2004 година е во важност? Изблeда не и одговара да одговори на тоа прашање и за тоа што се вели, од околу врти и цело време не се усмерува кон тоа да одговори на прашањето дека Законот за јавно обвинителство од 2004 година е во важност, Владата постапува по него и Собранието постапува по него. Се друго е различно толкување во зависност како му одговара на тој што толкува.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе, почитуванани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата господине Маневски.

Со поставувањето на дневен ред на ваков начин на оваа точка, сега јас со резерва, не знам веќе како да ја формулирам, и ако ја земеме последната верзија како што е усвоен дневниот ред на што вчера ние реагиравме процедурално. Меѓутоа, сега повторно ќе почнам со тоа за да дојдам до суштината и да покажам дека процедурата и суштината се во нераскинлива врска кои владеачкото мнозинство и Владата овој пат ги употребува и грубо ги прекршува. Имено, со доставувањето на материјалот со една формулација дека се работи за предлог за разрешување, а после два дена при формулирањето на дневниот ред, давајќи и на точката друга формулација со едно ретерирање назад во постапката како поведување на постапка за утврдување на одговорност, вие веќе навлеговте како парламентарно мнозинство, како Влада, за жал и вие претседателе бидејќи вие сте одговорен за утврдување на дневниот ред, во нешто што не се брани. Навлеговте во нешто од кое правно, или процедурално нарушувајќи ја процедурата сега немате процедурален излез. Единствениот процедурален излез е можеби во вчерашниот пример да ја повлечете сега точката и да почекате да се донесе новиот закон, односно не да почекате вие да иницирате донесување на нов закон за Јавно обвинителство, на тој начин да ја отворите легално и легитимно, бидејќи тоа е ваша политичка волја, процедурата за разрешување на јавен обвинител. Бидејќи и вчера реков и денеска ќе повторам на почетокот дека СДСМ не е бранител на персоналното решение на функцијата јавен обвинител независно дали тоа во моментов е господинот Прчевски. СДСМ ќе биде остар бранител и ќе биде секогаш во одбрана на правниот поредок и институцијата јавен обвинител. Затоа што после овие дописи кои и официјално се поделија во текот на седницата како стручно мислење на професорот Шкариќ и како соопштение од Здружението на организацијата на јавни обвинители веќе во јавноста сериозно се отвора дилемата. И вие како Влада веќе имате сериозен проблем. Затоа што, извинете да говориме отворено, јас гледајќи ги овие нивни аргумети и како правник и како пратеник без разлика што не сме политички истомисленици, сепак дозволете, повеќе им верувам на експертите, на професорите и на Здружението на јавните обвинители отколку вам. Не вам лично господине Маневски,туку како на министер за правда кој сте најодговорен за функционирањето, почитувањето и заштитата на законите и правниот поредок во оваа држава. Значи, треба секоја Влада сериозно да се замисли кога ќе се најде во судир со еснафот, со фелата, со една сериозна организација каде што се професионалци кои граделе кариера кога ќе земат храброст јавно да излезат во јавноста и да ви опонираат вам како на Влада, не бранејќи го притоа со ниеден збор господинот Прчевски лично, туку стојејќи на одбрана на процедурата и на институцијата јавен обвинител. Затоа, да не создаваме негативна пракса за во иднина. Да не правиме негативни преседани од кои подоцна ќе навлегуваме во правни лавиринти и дополнително ќе си ги усложнуваме работите. Да ги почитуваме уставните амандмани.

При вашето толкување вие велите дека сеуште важи законот од 2004 година за јавните обвинители. Господине Маневски, јас знам дека вие знаете, меѓутоа, има една чудна трансформација кај некои луѓе веднаш на првата седница на Собранието се забележува. Јас ќе ве прозвам поименично, меѓутоа тоа не е ништо лично бидејќи овде дискутираме како политички опоненти и за политички ставови, а не за лични релации, или било што друго лично. Значи, вие господине Маневски како довчерашен наводно независен прв антикорупционер се боревте против криминалот, корупцијата, значи бевте некоја како што се нарекува во јавноста совест на народот, совест на државата, покренувавте иницијативи, бевте против некои постапки на Владата некогаш со повеќе основ, најчесто со помалку основ и

велевте дека сте независен. А сте биле во минатото и обвинител. Затоа ме чуди и како можете да се дрзнете, се извинувам што употребувам ваков збор, меѓутоа, рековме тука нема ништо лично ова е политичка дебата, кога една цела јавно обвинителска организација ви се спротивставува јавно, вие без ни малку трунка чувство, затоа што не е во правото чувството само за правда, туку и за правичност. Секогаш овие категории се нераскинливи. Правото е нешто пишано, меѓутоа, и тоа го прекршувате, а за правичноста да не зборуваме. За тоа ќе суди јавноста, за тоа ќе судат медиумите. Мене на паузата ме запрашаа некои од медиумите: по што вие денеска расправате? Јас одговорив, ние вчера процедурално го поставивме истото прашање до Владата и до претседателот на Собранието. Го чувте нивниот одговор. Дали го сфативте тоа не знам. За тоа вие сте сега и сменети се улогите. Ние не сме власт да објаснуваме во Собранието по што се расправа. Ајде ќе поминеме преку тоа, гледаме сте наумиле политички да го разрешите Јавниот обвинител. Еве, ќе го занемариме за момент и она што вчера јас говорев, процедурата, дали е предлог за разрешување, дали е постапка за разрешување. Тука после вас имав намера да правам дигресии, да ја спомнам госпоѓата Јагнула Куновска. Таа како колега, адвокат, како интелектуалец учествуваше во јавноста со многу изјави во многу интервјуа каде што исто како вас независен интелектуалец беше совеста на народот и на државата. Сега која е таа трансформација да браните нешто што не може да се брани. Во ред, можете политички овде е дозволено, ова не е суд, да си ги прилагодувате фактите и околностите од уставните амандмани како што вас ви одговараат за да ја остварите вашата цел. Меѓутоа, не заборавјте, имаме поширока јавност, ве гледаат, ќе се ценат овие постапки и од некои други експерти, од меѓународни експерти. Веќе лавината против некои постапки на оваа Влада почна уште вчера. Многу меѓународни институции реагираат и се интересираат што тоа Владата прави. Веројатно, вчера ИРА го објави рејтингот на политичките партии. За ВМРО ДПМНЕ пишува 29%, за СДСМ 9%. Три пати е поголем. Има голема суштина, сега ќе ви кажам за што се работи.

**Љубиша Георгиевски:** Вие го злоупотребувате трпението не само на овој чесен аудиториум, туку на цела Македонија. Ова се пренесува. Ве молам, држете се за темата.

**Борис Кондарко:** Господине Георгиевски, јас сум нечесен овде? Ако јас го злоупотребувам трпението, треба да научите дека ова е Парламент и парламентарна демократија. Овде не можете, ако правите упад во процедурата за да го смените обвинителот, не можете опозицијата да ја заќутите.

**Љубиша Георгиевски:** Се сеќавате ли за дигресиите на мојот претходник.

**Борис Кондарко:** Како што сте тргнале вие ќе го барате вашиот претходник многу скоро.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам држете се до темата. Не сакам да се впуштам со вас во дискусија и полемика.

**Борис Кондарко:** Затоа оставете ме да говорам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете на своето место.

**Борис Кондарко:** Ова е широка политичка дебата. Претседателе, протестирам, не можете на ваков начин да ја заќуткувате опозицијата. Немате деловничко право на тоа. Ве молам, дозволете ми да говорам понатаму за темата.

Значи, само кратко, поентата беше, немојте веднаш да реагирате, сослушајте ја мислата. Значи, зборувам за темата кога ги спомнав процентите. Јас одговорив дека СДСМ ги изгуби изборите и нормално е нашиот рејтинг сега да е низок, а рејтингот на власта да е највисок во овој момент. Меѓутоа, ова е поентата. Тоа не ви дава за право господине Маневски со така висок рејтинг да мислите, да удрите на јуриш и да ги кршите процедурите. Ако ви е висок рејтингот. Значи, јас не се секирам за вашиот рејтинг, меѓутоа поентата е тоа. Во што се состои повредата на процедурата и не почитувањето на уставните амандмани. Вие добро знаете дека уставните амандмани се сега на сила. Тие предвидуваат нешто по различно од постојниот закон од 2004 година за јавно обвинителство. Што значи дека тие имаат повисоко правно дејство, појако правно дејство од законот од 2004 година и некои не гови одредби по автоматизам дерогираат, се применува директно во недостаток на сеуште недонесен закон за јавно обвинителство, се применува дирктно Уставот, уставните амандмани и Уставниот закон кој вели. Сега ќе бидам прецизен бидејќи вие и госпоѓата Дулиќ дадовте свое видување на процедурата и свое мислење за примената на уставните амандмани. Сега јас ќе го дадам своето мислење. Значи, сметаме дека оваа процедура поведена од Владата е сосема против законски, против уставна, спротивна на амандманите донесени на 7.12. 2005 година. Имено, амандманот 30, став 1алинеја 8 во кој се говори за положбата на Јавното обвинителство, основите за постапката за престанок и разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители, таму стои дека се урдува со закон. Тој закон сеуште не е донесен. Значи, напоменувам, постапката за именување и разрешување треба да се уреди со закон. Тоа го велат амандманите. Тој закон не е донесен, тоа е факт. Согласно, сега одиме не на амандманите, на Уставниот закон. Согласно член 3 од Уставниот закон е пропишан рок од девет месеци од денот на прогласување на амандманите и тоа го констиравме како факт. Тој рок е истечен на 7 септември. Ниту оваа, ниту поранешната Влада ниту сегашната Влада е крива што тој рок

истекол. Можеби имало објективни околности, имало избори, не ве окривуваме вам што не сте можеле за десет дена и објективно не можевте како Министерство, како Влада не можете. Меѓутоа, на тоа ве упатува и професорот Шкариќ, единствен начин да заврши правно и процедурално исправно оваа процедура, или да ја повлечете точката, да почекате до донесување на законот па после поведете постапка и разрешете го јавниот обвинител, или да си го продолжите рокот во Уставниот закон за донесување на Законот за јавен обвинител.

Единствено со таков заклучок може да се заврши оваа точка. Се друго, па макар и што она ретериравте од разрешување на поведување на постапка за разрешување е недоволно, иако претпоставувам дека во меѓувреме сте размислиле, сте сакале нешто да ублажите, меѓутоа не е доволно.

За да во тие девет месеци кои изминаа, значи вчера беше кажано од некои колеги пратеници, мислам и од вас претседателе, извинете не полемизирам со вас лично, туку во контекст на дебатата, дека во правото не смее да има правен вакум. Господине Маневски, верувам ќе се сложите колегијално со мене дека точно е дека интенцијата е секогаш да се избегне правниот вакум и нормите кои се предвидуваат во законите да одат кон тоа да нема никогаш правен вакум. Затоа, кога се носел Уставниот закон е предвиден рокот од девет месеци. Сега, ради објективни, можеби повеќе причини, имавме избори, не е донесен законот и истечен е тој рок. Затоа имате легална процедура да го продолжите тој рок, да си дадете време да го донесете Законот за јавното обвинителство. Меѓутоа, зошто е измислен тогаш зборот, и зошто се говори за правен вакум ако мислите дека воопшто не постои никогаш правен вакум. Сега ние го имаме првиот правен вакум.

Првиот правен вакум е дека после изминувањето на тој рок од девет месеци, како што вели Уставниот закон, вие неможете да разрешувате обвинители. Можете само да ги избирате. А тие можат да се разрешуваат после донесуваањето на Законот за јавни обвинители, кој треба да се донесе со две третини, а за кој ќе говорам подоцна.

Тоа значи, дека, ако се дрзнете да ја нарушите процедурата и во овој правен вакум да го разрешите на што немате право, процедурално јавниот обвинител, со тоа нема да ја завршите работата. Не е проблем, еве ќе се разреши јавниот обвинител и во ред. Што правиме понатаму? Значи, понатаму вие ќе влезете процедурално во вториот правен вакум. Вториот правен вакум, ви е дека ќе не можете да изберете нов јавен обвинител. Зошто не ќе можете да изберете? Па затоа што не се конституирани институциите, значи Советот на јавни обвинители предвидени со Уставниот закон кои треба да дадат мислење за изборот на нов јавен обвинител, а тој закон се носи со две третини. Значи, имате сега и политички проблем, не само процедурален. И, затоа ние рековме на повидок е нов, не на повидок, туку сега е отворен нов правен и политички скандал, во што се состои. Зошто ние господине Маневски, мислам зошто ова Собрание, зошто Република Македонија направи реформи во Уставот и ги донесе уставните амандмани. За сега некоја нова влада да не ги почитува? Значи вие сакате, тоа е политичкиот скандал, на мала врата да го разрешите, ајде ќе го разрешите, туку на мала врата да изберете по

стариот закон кој е сега вон сила сатоа што уставните амандмани имаат повисоко правно дејство. Изберете нов јавен обвинител, и уште згора на тоа странец. И за тоа ви реагираа колегите обвинители. После ќе зборувам и за тоа решение за кое СДСМ има голема резерва.

Значи, вашата партија, претседателот на Владата господинот Груевски вели дека еден од најголемите приоритети на Владата ќе биде борба против криминалот и корупцијата. Не знам кој го советувал, но не знам дали е решение, тоа е едно од дискутабилните решенија кои тој ги замислува за да после разрешувањето наводно до изборот на нов ќе раководел ВД. Зарем мислите дека со ВД со таа одговорност ќе можете како влада реално да се борите со полн капацитет со корупцијата? Тоа не е добро, меѓутоа, тоа е за некоја идна дебата дел политичка дел стручна. Меѓутоа, јас ви реков првиот правен вакум ќе го разрешите иако не можете да го разрешите, се повикувате на Законот од 2004 година, одредбата е дерогирана од повисокото правно дејство на Уставниот закон, рокот е поминат, значи влегувате во вториот правен вакум кога нема да можете да изберете јавен обвинител. Сега, да бил странец. Кога се бираше Владата овде предложив...

**Љубиша Георгиевски:** Пак правите дигресија, антиципирате некоја следна седница, ве молам присоберете се.

**Борис Кондарко:** Господине претседателе, ве молам, бирајте ги зборовите кога се обраќате од тоа место. Мислам дека пофалбите кои ви беа дадени денеска не треба така брзо да ги трошите.

Ако одиме кон тоа, јас зборувам претседателе што ќе се случи, во каква правна процедура ќе западне Владата доколку не се испочитува процедурата дека една процедурална грешка повлекува друга процедурална грешка. За тоа странец ќе дебатираме подоцна. Намерата ми беше дека ако тргнеме така со именување на странци може да се обидеме да имаме премиер странец, па тогаш ќе имаме ептен независни институции во Македонија, можеби воопшто ќе нема корупција. Може и тоа да се проба.

Но, да се вратиме на темата.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам што сепак се враќате на темата.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам претседателе што ме потсетивте, да не ме потсетевте ...

Кога се донесуваа уставните амандмани при изгласувањето, тогаш во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за уставниот амандман 30 кој говори за Јавното обвинителство, говореше тогашниот пратеник господинот Ефтим Манев кого колегијално го почитувам, кој беше еден од покоректните и поконструктивните пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Јас го имам стенограмот од таа седница кога се говореше за оваа проблематика, тогаш во името на пратеничката група господинот Манев го има кажано следното: "Јавниот обвинител на Република Македонија како титулар и врв во бвинителската организација да биде независен, што помоќен во извршувањето на својата функција и во целина на обвинителската функција во Република Македонија. Од причини што досегашното решение што обвинителот на Република Македонија се бираше со неквалификувано мнозинство истиот секогаш беше во можност да биде разрешен во секој момент од владеачките партии кои се на власт доколку истиот е непослушен или недисциплиниран и не ги извршува налозите на некои од политичките партии која е на власт" и тн.

Значи, ако господине Манев кој е од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ бил доблесен да каже и да предложи во неговата дискусија да се предвиди во уставните амандмани јавниот обвинител да се бира со квалификувано мнозинство во Собранието, интенцијата е да се добие поголема независност, самостојност, поголеми ингеренции, што е во ред, вие тоа го велите. Меѓутоа, едно велите друго правите. Зошто? Затоа што реков на мала врата сакате, пред да биде донесен Законот за јавно обвинителство наместо со две третини кои се потребни за носење на тој закон за што ќе ви треба консензус од опозицијата да го избегнете тој момент и набрзина да разрешите и изберете обвинител по стариот закон, што е правно невозможно. Вие, наместо да му дадете поголема правна сила како што сте се залагале како опозиција, но очигледно јас реков има трансформација кога ќе се сменат улогите позиција и власт браните нешто што не се брани. Претпоставувам дека од тогаш генералните ставови не ви се сменети во однос на ингеренциите што треба да ги има јавниот обвинител. Затоа дајте заедно да дадеме поголеми ингеренции, но и поголема одговорност. Тоа произлегува од начинот на кој ќе биде избран. Затоа треба прво да се донесе Законот за јавно обвинителство.

Понатаму, она што беше најмногу спорно околу рокот од девет месеци за донесување на закон, за да нема вакум од девет месеци, не случајно со член 5 на Уставниот закон е предвидено дека до прогласувањето на Законот за јавно обвинителство со уставните амандмани јавните обвинители ќе се избираат или ќе се именуваат, како вие сакате да кажете, согласно постојниот закон за јавно обвиителство од 2004 година. Тоа е за избор, а не за разрешување.

Одам понатаму. Од оваа одредба член 5 од Уставниот закон јасно произлегува дека јавниот обвинител не може да се разреши согласно стариот закон, бидејќи законодавецот не случајно предвидел дека тој ќе се применува само за избор, а не и за разрешување. Тоа ви е правниот вакум. Тоа значи дека ќе мора да се сочека со донесување на новиот закон за јавно обвинителство и таму да се предвиде постапката за разрешување. Инаку, неспорно е дека вашите забелешки кои ги кажавте во експозето можат и треба да се проверат. Меѓутоа, за тоа ќе треба да го викнете Јавниот обвинител овде во Собранието.

Како што се водеше процедурате во 2002 година, кога се разреши претходниот јавен обвинител господинот Џиков беше дадена можност да ги каже своите забелешки јавно на говорницата. Мислам дека не ви треба таква хипотека да ви остане во процедурата да го пропуштите тој момент, ако сте за транспарентност. Претпоставувам нема зошто во оние бачила како синоними за гревовите на Прчевски да се плашите да дојде и да каже нешто што мисли. Ние не знаеме, сакаме да го сослушаме. Како што кажа и нашиот пратеник господинот Есад Рахиќ можеби и самиот би гласал за негово разрешување. Немојте да сфатите дека овде се води некоја друга политика надвор од она што е предвидено во Уставот и во законите на Република Македонија.

Затоа предлагам и барам да постапите на единствениот можен процедурален и правнички начин и да не создавате правни преседани во иднина. Имате две алтернативи да ги избегнете тие два вакуума за кои говорев прииот е дека не можете да го разрешите, вториот е и да го разрешите не можете да изберете нов или да ја повлечете точката од дневниот ред или да направите некоја друга преформулација и да предложите наместо да се поведе постапка за утврдување на одговорност која можете да ја побарате во некоја наредна фаза, да поведете постапка за измена на Уставниот закон и да дадете нов рок во кој ќе ја испеглате процедурата и за кој нема да имате хипотеки. Во спротивно, како што кажав на почетокот, навистина треба сериозно да се замислите затоа што нема да имате проблем само со опозицијата, туку имате проблем со пошироката јавност, пред се, експертската јавност. Тие луѓе вреди, па макар да се сослушаат, да се продебатира за нивното мислење затоа што многу пати кога СДСМ ја имаше власта беше укажувано за некои процедури, за некои постапки кои, понекогаш, се корегираа и усогласуваа. Немојте да мислите дека сте сами и дека во моментот ја имате моќта, го имате мнозинството, ја имате довербата, ја имате поддршката. Меѓутоа, ништо не е бланко дадено, ова е само почеток, ако тргнете вака

лошо верувајте дека ќе имате голем негативен оддек за имиџот на Република Македонија како правна држава, ќе се загрози принципот на правната сигурност на граѓаните, како лавина ќе се повлечат многу работи кои негативно ќе влијаат не само на правната сигурност, туку и на угледот како сериозна и правна држава Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Александар Николовски побара реплика.

**Александар Николовски:** Ви благодарам претседателе,

Би сакал со репликата да интервенирам на она што се случува вчера и денес, практично ние цел ден имаме расправа која повеќе личи на деловничка расправа односно на расправа по начинот на кој би одлучувале отколку за она што е вистински предмет на расправа, а тоа е поведување на постапка за утврдување на одговорноста на јавниот обвинител.

Значи, со она што го правиме денеска практично го газиме она што вчера се случи. Вчера имаше процедурална интервенција која беше од пратениците од опозицијата, помина како што помина, денеска продолжуваме да говориме процедурално, што сметам дека не е во ред. Тоа е првата работа.

Втората работа не слушнавме ниту еден збор од страна на опозиционите пратеници за работата на актуелниот јавен обвинител за кој разговараме во моментот, а со она што сега се обидуваме да го направиме односно да ја завлечеме процедурата и расправата практично го амнестираме Александар Прчевски. Сакам да го запрашам господинот Борис Кондарко дали со ова сака Александар Прчевски да остане јавен обвинител уште 4, 5, 6 месеци или година дена и да ни се случат уште неколку скандали за кои тој како јавен обвинител нема да реагира од типот на нереагирање по однос на аферате за шверц со цигари, познатата афера Бачило, аферата со тајните сметки, потоа несоработката со Антикорупциската комисија и тн.

Уште повеќе ако толку се грижиме за јавниот обвинител не ми е јасно зошто во изминатите четири години ни еднаш од позиција на власт не се реагираше на таквите постапки на Александар Прчевски. Тоа говори само едно дека сегашните опозициони пратеници ја поддржуваат работата на Александар Прчевски и начинот на кој работеше овие четири години уште повеќе сакаат да остани и понатаму на ист начин да го води Јавното обвинителство што имплицира само една работа дека бараат или сопствена заштита или продолжување на криминалот и корупцијата во Република Македонија, што е апсолутно некоректно. Секој ден поминат на местото на кое е господинот Александар Прчевски значи ден изгубен во борбата против корупцијата, значи ден подалеку од Европската Унија за која често говорат, значи ден подалеку од она што се вика веројатно заедничка определба и на крајот за да не се доведуваме во вакви ситуации можеби многу почесно ќ беше законот да го донесевме во претходниот пратенички состав и уште повеќе да не се доведуваме во ситуации сега во еден месец одработуваме услови за влез во Европската Унија кои не биле одработени години station наназад, барем чесно да пристапиме на тоа.

Сметам дека апсолутно добивме безпредметна дискусија во изминатите два дена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ратко Димитровски бара реплика. Повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе, убаво е што имаме луѓе со добри ораторски способности, но сепак дискусијата на претходникот која траеше повеќе од 30 тина минути не кажа ништо ново. Таа се сведуваше на дискусиите на сите негови претходници, на читање и прераскажување на нешто во што сме сите убедени дека не држи.

Сакам да му цитирам еден наш сограѓанин од Кочани кој ме сретна синоќа малку подоцна и ми рече. "Таму вие многу ја тупите". Јас ќе го дополнам него и ќеречам поединци, а поготово од опозицијата многу ја тупат, веројатно заради тоа што така им одговара.

Оставете ги на страна фрустрациите кои постојат, туку да обрнеме внимание на она што следува, а тоа е потребно е сите да се заложиме што сме и да направиме чекор кон Европа. Дајте да бидеме конструктивни, а вие, како што следува, да бидете една конструктивна опозиција за што побрзо завршување на работите кои следат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Првиот цитат е во ред, цитиравте, но второто избегнувајте го во следните дискусии.

Контра реплика за пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Господине Димитровски, најмалку очекував од вас, барем за оваа точка кога се работи за Јавниот обвинител, да реплицирате. Посебно, затоа што познато е дека и вие имате некои ваши предмети во Обвинителството, меѓутоа тоа е друга тема, а за личниот вокабулар како пратеник дали веријатно немате доволно искуство овде, па не знаете како треба да се однесувате и говорите во Парламентот или се работи за некој друг недостаток на политичка култура или не знам што.

**Љубиша Георгиевски:** Пратеникот е веќе предупреден на тоа од моја страна и ова што го кажувате е излишно.

Му давам збор на пратеникот Трајанов Павле.

Повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер Маневски,

На почетокот сакам да и честитам на опозицијата затоа што успеа да ја измести темата на расправа. Два дена расправаме за

формата или како што тие велат за процедурално прашање. Но, наместо да расправаме за суштината да ја утврдиме одговорноста на Јавниот обвинител Прчевски дали тој, тоа како што пишува во барањето за неговото разрешување, дали тој ја вршел функцијата согласно Уставот и законите, дали стручно ја вршел и дали постигнал резултати во борбата против криминалот во целина, посебно во борбата против организираниот криминал. Денес и вчера ние расправаме за процедурата. Јас сакам неколку работи да кажам околу процедурата. Работата е сосема јасна. И во Уставот и во Уставниот закон и Законот за Јавно обвинителство, во уставните измени пишува дека ќе се применува Законот за Јавно обвинителство и дека во рок од 9 месеци треба да се донесе тој закон. Тој закон не го донесе парламентарниот состав, мислам на претходниот парламентарниот состав. Ако е така како што пишува и во Уставот, како што и некој експерти сега кои негираат и тоа што го пишува во Уставот, дека престанал да важи Законот за јавно обвинителство, што апсолутно не е точно. Законот за Јавно обвинителство постои и по тој закон работата сите обвинителства во Република Македонија и Јавниот обвинител на Република Македонија и другите обвинители. Значи, правен вакум нема. Ако ова прашање не е решено сега околу именувањето и разрешувањето на Јавниот обвинител со закон, тогаш се спроведува, применува Уставот. Тоа многу добро го знаат пратениците од СДС дека овој пат може директно Уставот да се примени. Тоа значи дека Парламентот и натаму има уставна и законска можност да именува и да разрешува Јавен обвинител. Но, овој пат зборуваме за разрешување, за утврдување на одговорноста на Јавниот обвинител.

Според сите анализи Република Македонија е длабоко криминализирана држава во целина. Одговорност сносат сите субјекти и МВР и другите државни институции задолжени за откривање на криминалот. Тие се под тотална блокада, тие се под силен притисок на извршната власт на политичките партии. Тие едноставно не функционираат. Исто така, под силен притисок е и Јавниот обвинител, затоа што мооже би е точна таа констатација, тој ќе биде последниот партиски Јавен обвинител. На Република Македонија не и е потребен партиски јавен обвинител, кој што ако има случај од претходната власт можеби ќе работи на неговото откривање, ќе ги гони сторителите, но никогаш нема да отвори случај и нема да ги гони сторителите тогаш кога се работи за актуелни носители во извршната или во другата власт. Значи, според сите анализи Обвинителството и Републичкиот јавен обвинител не одговорил на функцијата во изминатите четири години. Не треба овде да ве потсетувам колку се случаи беа изнесени во јавноста од граѓаните, од медиумите, од Државната комисија за спречување на корупцијата, а Јавниот обвинител никогаш не се произнесе по овие случаи. Никогаш не иницира постапка против некој од носителите на организираниот криминал. Тоа покажува дека тој, така како што сите досега биле партиски војници, партиски обвинители, и тој така се однесуваше.

Затоа, јас ќе се заложам дека во иднина ние мораме да бираме обвинител кој што ќе ги гони сторителите на кривични дела, без разлика на нивната партиска припадност, социјално потекло или позицијата што ја имаат во државата. Само на тој начин можеме да отвориме ефикасна борба против корупцијата и против криминалот. Криминалот навлезе во сите пори на општественото живеење, сите го знаеме криминалот, а граѓаните бараат ефектна борба против корупцијата и против криминалот. Граѓаните едноставно нема да ја толерираат ниту оваа Влада, ниту идниот обвинител за некои подобри времиња да започне таа борба. Едноставно бараат Владата уште од денес да започне со борбата против корупцијата и криминалот. Јавниот обвинител може да биде кочница, бидејќи тој и натаму ќе ги штити интересите на партијата што го донела на власт. За тоа треба ние да расправаме, дали е тој успешен, стручен, дали тој постигнал резултати или не постигнал. Тоа е централната тема на која треба да одговориме денес и ако е успешен тој треба да продолжи да работи, ако не е успешен, ако нема задоволителни резултати, тој треба да биде разрешен од таа позиција.

На крајот, сакам да укажам дека ако вака продолжиме да работиме, ако два дена расправаме за формата, а формата е многу јасна, не расправаме за суштината, за суштинските проблеми, тогаш со право ќе негодуваат граѓаните дека ние практично ја блокираме борбата против криминалот и корупцијата во државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, ние еве втор ден како работиме на оваа точка и мој впечаток е дека сепак ги разјаснивме работите и можеме да се приближуваме кон едно конструктивно одлучување.

Прво, навистина беа поставени некои процедурални прашања како е формулирана точката на дневен ред итн, тоа се разјасни. Беше поставено едно процедурално прашање зошто не го гледала Комисијата за избори и именувања ова прашање. И тоа се разјасни зашто Комисијата не може да го гледа, а кој е овластен по Устав или закон. Сега, расправаме за нешто што има сосема друг карактер, тоа веќе не е процедура на Собранието, туку расправаме за тоа дали има спротивставени гледишта и дали законската основа на која ова барање е засновано важи и дали важи законот од 2004 година за Обвинителството или не важи тој закон. Се разбира, тука се разликуваме.

Опозицијата мисли дека не важи, сите ние од владиното мнозинство тврдиме дека важи. Тие велат дека има правен вакум, а ние тврдиме дека апсолутно правен вакум не може да постои во држава која веќе ги донела сите основни акти. Таквите разлики се можни во погледите. Едните едно тврдат, другите друго тврдат. По такви прашања кои не се врзани со процедурата во Собранието, туку дали некој закон може да постои или не може да постои сега, тие прашања во Собранието се разрешуваат со гласање и важи она што мнозинството во гласањето го решило. Ама како тоа ќе го наречат другите што не им одговара, што имаат поинакво мислење сеедно е, парламентарниот живот не познава друго одлучување по такви прашања.

Што се однесува до другиот став дека со овој предлог сега се нарушува Уставот, морам да ви кажам дека може и таков впечаток да има некој, меѓутоа, никој од нас, ниту од опозицијата, ниту од нас, не можеме на друг начин да постапиме, освен со своите убедувања. Ние мислиме дека не се нарушува Уставот, тие мислат дека се нарушува Уставот. Нека си останат тие на тоа место, но за тоа ние не можеме да гласаме дали се нарушува Уставот или не. Тоа нема да дојде на гласање овде. Доколку си останат со убедување дека се нарушува Уставот, а ние го изгласаме овој заклучок што ќе биде по форма, тие можат да покренат, единствено некој од нив да покрене постапка пред Уставниот суд. Уставниот суд е единствено место каде може да каже дека некој државен орган со свој општ акт го повредил Уставот и да го укине актот итн. Ние овде до бескрај можеме да дискутираме, но нема да најдеме друго решение освен така како што сме упатени со Уставот, со законите и со нашата процедура. Според тоа, ние немаме во Парламентот процедурален проблем. Двете прашања што беа процедурални ги разјаснивме. Дали законот важи или не секој може да мисли како што сака, меѓутоа ние треба да преминеме на гласање на овој наш предлог, а оттаму после тоа ако некој мисли дека сме го повредиле Уставот треба да оди на уставен спор.

Што се однесува до мислењата на експертите, јас морам да ви кажам не е фер да се потпираме само на мислењето на експертите, ниту ние сме го порачале ова мислење. Собранието апсолутно не е должно да го има предвид таквото едно мислење кое е мислење на еден поединец, еден експерт, а има повеќе експерти, па некои дури мислат дека и не треба да дадат мислење дека сето тоа е сосема јасно. Исто така, сакам да ви обрнам внимание дека соопштението не е од здружението на јавните обвинители, туку од извршниот одбор на јавните обвинители, има еден потпис. Не седнале јавните обвинители па да се потпишат дека не се сложуваат со тоа и тука има повеќе работи. Тие се спротивставуваат на идејата искажана во предизборната активност дека странец може да биде обвинител. Таа работа кога ќе дојде на дневен ред, ако дојде на дневен ред ќе ја расправаме. Каква врска има сега ние да го имаме предвид некое соопштение од некој орган кој едноставно не е повикан да расправа за тие работи. Исто така, за оценките кој капацитет го имаат кај нас обвинителствата, ние уставните амандмани и за тоа и почнавме заради тоа што фактички се констатира дека имаме неефикасен правосуден систем кој не обезбедува владеење на правото во државата. За тоа и амандманите ги донесуваме, за тоа и законите ќе ги донесеме, за тоа и персонални промени ќе има. Ако мисли некој да докаже кого тоа ќе го убеди и кој сака да убеди дека едноставно нашите прописи само не чинеле, луѓето добро си ја терале работата. Ве молам, не е точно тоа дека само толку биле прописите погрешни кај нас. Прописите, досегашните прописи не упатуваат за да имаме вакви измами во правосудството, како и вакви молчења и премолчувања како што беа и сите овие бачила итн. Организираниот криминал е една многу сложена појава кај нас и ние тоа ќе мораме да си го разрешиме, нема кој да го разреши и сега се среќаваме со една точка која треба што поскоро да ја усвоиме. Овде во дискусијата се расправа дека ние сакаме да го смениме сегашниот обвинител. По ова како се реагирало досега од опозицијата, тоа е толку недопирлив обвинител, дури Собранието не може и не смее да постави на дневен ред испитување на неговата одговорност. Како е можно тоа? Па, видете, ние сега имаме предлог за да се испитува одговорноста на тој државен функционер. Ако во испитувањето на одговорноста се најдат елементи дека ќе треба да одговара, ќе дојде предлог за смена, за разрешување. Ако не се најдат такви елементи, едноставно ќе се каже дека нема основа за одговорност и готова работа. Тоа тогаш ќе го расправаме. Кога ќе заврши постапката за одговорност, ние овде не ја испитуваме одговорноста на Прчевски, туку имаме секој свое убедување. Меѓутоа, не ја испитуваме одговорноста на господинот Прчевски. Ние фактички ја отвораме постапката. Тоа ќе го прави Владата, таа е овластена по закон да ја изпита одговорноста. Кога ќе дојдат тие работи се во свое време и тогаш можеме да имаме вака широки дискусии, ама тогаш за тоа ќе расправаме. Така, не гледам сега некој принципиелни раслики за да ние не можеме да донесеме одлука. Како не можеме да донесеме одлука. Тоа е сосема во ред, ќе се заврши расправата, па потоа ќе одиме на одлучување за да го усвоиме ова.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе. Ќе се обидам сосема накратко да го изнесам ставот на пратеничката група на ЛДП, затоа што евидентна е нетрпеливоста на парламентарното мнозинство, кое многу брзо заборави дека во вчера до кога беа опозиција, не само со денови, туку и со седмици дебатираа

на една тема, притоа читајќи елаборации и други текстови напишани на таа тема и по кој знае кој пат ги читаа текстовите кои што им беа доставени од партискиот штаб на ВМРО-ДПМНЕ. Но, тоа е веќе минато и сега сакаме да бидеме експедитивни. Токму поради тоа само во неколку реченици ќе го искажам нашиот став и со тоа како ќе гласа пратеничката група на ЛДП.

Ние сметаме дека досегашниот Јавен обвинител не покажа некои задоволителни резултати во работата и тука не сакаме сега да навлегуваме во овој момент додека не ги имаме и сите аргументи од тој аспект. Овде беше спомната и соработката со Антикорупциската комисија и Комисијата за спречување на корупцијата. Не е точно дека парламентарното мнозинство не укажуваше на оваа несоработка, исто како и на несоработката со Народниот правобранител. Напротив, може колегите кои што беа во изминатиот парламентарен состав, а за тоа има и записници, извештаи на Собранието да се докаже дека токму на Комисијата за политички систем чиј претседател бев е разговарано за оваа несоработка и упатено е мислење до Јавниот обвинител дека навистина треба да соработува со Комисијата за спречување на корупцијата, што е во интерес на разрешување на повеќе проблеми со кои што Јавниот правобранител се бавеше. Но, зошто нема да гласаме за оваа точка, затоа што во овој случај имаме грубо кршење на процедурата и упад во Уставот на Република Македонија. За тоа ни укажуваат ценетите експерти. Не можам да се согласма со констатацијата дека почитуваниот професор по уставно право Светомир Шкариќ е некој таму еден експерт. Исто така, не упатува и мислењето на Здружението на јавните обвинители кое што го имаме тука пред нас, а веќе стигнуваат сигнали од Меѓународната заедница, која што само вчера, да ве потсетам, имаше сериозна забелешка и добро е што вие ја прифативте и ја послушавте и го повлековте Законот за електронски комуникации.

Но, сметам дека понатаму нема да продолжите, да ги кршите законите, затоа што ова е законодавен дом, ги носи законите пред се тука да се почитуваат и процедурите и нема понатаму да ни пристигнуваат забелешки од меѓународната заедница и со тоа да се спречува она што го имаме зацртано сите, патот кон Европската унија.

Прекршувањето на законите и упадот во Уставот принципиелно не го подржува Либерално демократската партија и токму поради тоа нема да гласаме позитивно по оваа точка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Збор има господинот Ѓорчев Владимир, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани гости,

Јас би ја почнал мојата дискусија со суштината на денешната дебата во Македонското собрание, а таа е следната:

Значи суштината на дебатата во нашиот Парламент денес е дали Александар Прчевски треба да биде сменет. Одговорот е недвосмислен, одговорот е директен, а тоа е дека Александар Прчевски треба да биде сменет. Зошто? Затоа што Обвинителството има клучна улога во борба против криминалот и корупцијата. Борба која што во Македонија ја нема и затоа Македонија е таму каде што се наоѓа.

Македонија е на 103-то место според индексот на корупцијата од сите светски земји, во друштво со африканските земји и едноставно место кое не и прилега на држава која претендира да биде европска. Таа одговорност за 103-то место на Македонија според листата на корупција има име и презиме, името и презимето се вика Александар Прчевски.

Ова, почитувани пратеници, не е продолжување на борбата против корупцијата, затоа што таква борба против корупцијата досега и немаше. Ова не е ниту почеток на борбата против корупцијата, ниту нејзина средина, ниту крај. Ова е само предуслов, уште еднаш ќе кажам, предуслов за почеток на борбата против корупцијата, работа која досега во нашето општество ја немаше и едноставно дел од институционалната неодговорност, која што ја гледавме во изминативе 4 години. Одговорноста за ниската доверба во државните институции се пресликува и во ликот и делото на досегашниот јавен обвинител, доверба која што граѓаните ја немаат и незадоволство кое што секојдневно го искажуваат.

Македонија, исто така, има и добри луѓе во Обвинителството. Не сакам анблод да кажам дека сите обвинители во Република Македонија се неодговорни, дека сите се нестручни, дека сите се корумпирани. Не, има луѓе кои добро си ја работат својата работа, но очигледно е дека проблемот е во првиот човек.

На крајот, само би кажал дека смената на ваквиот досегашен лош и неуспешен јавен обвинител како Александар Прчевски е неопходна и потребна.

Затоа, ќе ја подржиме смената на Александар Прчевски, затоа што, ќе повторам, со смената на Александар Прчевски не почнува борбата против корупцијата, затоа што таква борба до сега немаше, туку на овој начин ги отвораме можностите за поефикасни институции, за подобри луѓе и земја која ќе има подобри извештаи пред европските инстанци и сите други институции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата на Република Македонија поведе постапка за утврдување одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија, господин Александар Прчевски.

2. Собранието на Република Македонија утврди дека согласно член 58 став 1 точка 6 од Законот за Јавното обвинителство е исполнет основот господинот Александар Прчевски да биде разрешен од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија.

Владата на Република Македонија ќе му достави на Собранието на Република Македонија предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија.

3. Овој заклучок да се достави во Владата на Република Македонија.

Пред да го ставам овој заклучок на гласање, ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(По утврдувањето на бројот на пратениците во салата од страна на службите)

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 пратеник гласал за, воздржани нема, против гласал само еден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам за соработката.

(Седницата заврши во 16,10 часот)